*Стандарден Евробарометар*

Европска комисија

EUROBAROMETER

# ЕВРОБАРОМЕТАР 70

## ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ЕСЕН 2008

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**Former Yugoslav Republic of Macedonia**

Ова истражување го нарача Генералниот директорат за комуникации на Европската комисија.

Овој извештај е подготвен за Делегацијата на Европската комисија во поранешна југословенска Република Македонија.

Овој извештај не го претставува гледиштето на Европската комисија.
Толкувањата и мислењата кои се содржани се исклучиво на авторот.

Стандарден Евробарометар 70 / Есен 2008 – TNS Opinion & Social

**Вовед**

**1. Климата во јавното мислење**

1.1. Задоволство од животот
1.2. Условите за живот во земјата
1.3. Двете најважни прашања со кои се соочува земјата
1.4. Доверба во институциите
1.5. Куповната моќ

**2. Погледи на разликите на реалноста во земјата и ЕУ**

2.1. Разлики во економската ситуација
2.2. Споредба на состојбата во земјата со ЕУ
2.3. Правецот во земјата и ЕУ

**3. Како граѓаните гледаат на членството во ЕУ**

3.1. Членството во ЕУ добра или лоша работа?
3.2. Бенефитот од членство во ЕУ
3.3. Чувството на прифатеност од ЕУ

**4. Поглед кон иднината**

4.1. Краткорочни очекувања
4.2. Долгорочни очекувања
4.3. Подобра иднина на младите - каде?
4.4. Представата за појака ЕУ во иднина

**5. Ставови кон ЕУ**

5.1. Имиџот на ЕУ
5.2. Представата за ЕУ
5.3. Понатамошно проширување на ЕУ
5.4 Брзината со која се гради ЕУ

**6. Глобализацијата**

6.1 Глобализацијата добра можност или закана за земјата?

**Заклучок**
**Технички спецификации**
**Прашалник**

## Вовед

Истражувањето на јавното мислење Стандард Евробарометар се спроведува двапати годишно. Овогодишното, 70-то истражување на Стандардниот Евробарометар (ЕБ 70) беше спроведено во 27-те држави членки на Европската Унија и во 3 земји-кандидати – поранешна југословенска Република Македонија[1], Хрватска и Турција, како и во делот на Кипар кој е под турска управа, во периодот од 6 октомври до 6 ноември 2008 година.

Нарачателот на Стандардниот Евробарометар е Општата управа за комуникации на Европската комисија, а го спроведе конзорциумот TNS Opinion & Social, кој го сочинуваат Taylor Nelson Sofres и EOS Gallup Europe. Во поранешната југословенска Република Македонија истражувањето го спроведе TNS Брима, членка на асоцијацијата Gallup International и на Taylor Nelson Sofres. Извештајот го напиша директорот на истражувања на Брима Ѓорѓи Кимов.

Истражувањето опфати 30.130 испитаници во 27-те земји-членки на Европската Унија и во земјите-кандидати за полноправно членство во ЕУ.

Анкетарите го спроведуваа интервјуто во домовите на учесниците во ова истражување. Примерокот е репрезентативен за мислењето на граѓаните над 15 години и исто така е показател за ставовите и размислувањата на сите социјални, професионални и возрасни групи на населението во градовите, како и во селските средини.

Овој извештај ги претставува резултатите од Евробарометарот спроведен во поранешната југословенска Република Македонија. Тој претставува незаменлив извор на информации за тоа каква е перцепцијата на граѓаните за Европската Унија, за нивните надежи и очекувања од Унијата. Со оглед на тоа дека се спроведува секои шест месеци, истражувањето ги отсликува промените и различните трендови во јавното мислење во врска со важни теми за земјата и за Унијата.

Податоците во ова истражување се претставени со графици и табели кои го отсликуваат јавното мислење во поранешната југословенска Република Македонија во споредба со јавното мислење кај европските испитаници (најчесто ЕУ27). За одредени важни прашања, прикажани се и социо-демографски анализи според пол, образование, професионалниот статус на испитаниците, тип на населено место итн. Читателот на овој текст треба да има предвид дека сите резултати на ова истражување се проценки, при што релијабилноста варира во зависност од големината на примерокот. Така, на примерок од 1.009 испитаници (колку што имаше во поранешната југословенска Република Македонија), границите на сигурност се следните:

| **Проценти** | 10% или 90% | 20% или 80% | 30% или 70% | 40% или 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Отстапувања** | ± 1,9 | ± 2,5 | ± 2,7 | ± 3,0 | ± 3,1 |

[1] Привремениот код на ниеден начин не ја прејудицира дефинитивната номенклатура за оваа земја која ќе биде договорена во согласност со заклучоците од преговорите кои се водат во Обединетите Нации.

Во ова истражување заокружувањето е прилагодено така што збирот на податоците секогаш изнесува 100. Различни методи се користени при заокружувањето на податоците во цели бројки и поради тоа во графиконите и во другите носители на податоците, прикажаните бројки може да се разликуваат за процент при собирањето на разни полиња.

Низ целиот текст, споменувањето на граѓаните на поранешна југословенска Република Македонија нема никаква етничка конотација. Изразот, пак, Европеец или европски испитаници се однесува на оние кои се граѓани на која било од државите-членки на Европската Унија. Кога во текстот се споменува кратенката „ЕУ27“, тоа ја претставува средната вредност на податоците за сите 27 земји-членки на Европската Унија.

„Новите земји-членки“ (или НМС12) , кои се приклучија кон Унијата на 1 мај 2004, се Естонија, Кипар, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Унгарија и Чешката Република, како и Романија и Бугарија, кои се членови од петтото проширување на Унијата.

ЕУ15, или „старите земји-членки“ пред проширувањето во 2004, се Австрија, Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија, Луксембург, Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.

Во графиците и табелите се користени кратенки за држави и територии според редакцискиот кодекс на ЕУ прикажан во табела, во делот на технички спецификации од овој извештај.

Во изминатите 6 месеци, односно во периодот меѓу двете последни истражувања на Стандардниот Евробарометар, настани од посебно значење за ЕУ се спроведениот референдум во Ирска, со кој Лисабонската спогодба не беше прифатена, чија основна цел е да ги реформира институциите на ЕУ, и соочувањето со последиците од глобалната финансиска криза. Во тој период Франција го презеде од Словенија претседателствувањето со ЕУ.

Во периодот меѓу двете истражувања на Евробарометарот, големо разочарување кај домашната јавност предизвика недобивањето официјална покана за членство во НАТО, на априлскиот самит на НАТО одржан во Букурешт во април 2008 година, поради спорот за името на државата. Во тој контекст, на јавноста во земјата фрустрирачки влијаеше тоа што спорот со името на државата се поврзуваше со напредокот на земјата во процесот на евроинтеграцијата.

Силно влијание врз домашната јавност имаше ценовниот притисок предизвикан од поскапувањето на храната и енергенсите и покачувањето на инфлацијата до 9%. Во меѓувреме цената на нафтата почна да паѓа како последица од првите знаци на рецесија предизвикана од глобалната финансиска криза. Бизнис заедницата во земјата со загриженост прва реагираше на ризиците од неповолните економски движења во светот, загриженост која се пренесуваше во целокупната јавност во земјата.

## 1. Климата во јавното мислење

### 1.1. Задоволство од животот

- **Се намалува бројот на Европејците кои се задоволни од својот живот**

Од пролетта 2007 сликата за ЕУ како симбол на економски просперитет и финансиска стабилност почнува да се губи во очите на Европејците. Во последните 18 месеци, бројот на граѓаните кои се задоволни од својот живот во Европската Унија се намалил за 4 процентни поени (80%; 76%)[2] за колку што е зголемен бројот на незадоволните (19%; 23%). Процентот на задоволни во поранешната југословенска Република Македонија е помал во споредба со ЕУ за 14% во 2007 г. и 13% во 2008 г. Во овој период задоволството во домашната јавност спласнало за 3 процентни поени (66%; 63%), а бројот на незадоволните се зголемил од 34% на 37%. Сличен тренд е забележан и во останатите две земји-кандидатки[3]. Во Хрватска во овој период задоволството спласнало за 4 процентни поени (72%; 68%) а во Турција за 13 процентни поени (76%; 63%).

**Графикон бр.1**




---

[2] Првонаведениот процент во заградите го означува резултатот од претходното истражување, а второнаведениот го означува резултатот од најновото истражување.

[3] Трите земји-кандидатки за полноправно членство во Европската Унија; поранешната југословенска Република Македонија, Хрватска и Турција во целиот текст ќе се означуваат како земји-кандидатки.

Најзадоволни од својот живот се граѓаните во Холандија (97%; 98%), Шведска (97%; 97%), Данска (97%; 96%), Финска (94%; 95%) и Луксембург (92%; 90%), каде што практично нема никакви значајни промени. Најголеми промени во земјите на ЕУ27 има во Португалија, каде во минатите 18 месеци бројот на задоволни се намалил за 16 процентни поени (62%; 46%), и таа е една од четирите земји во ЕУ каде што бројот на задоволни граѓани е помал од 50%. Драстично намалување на задоволните има и во Грција (67%; 53%), Италија (74%; 63%), Литванија (65%; 58%). Следуваат Романија (53%; 47%) и Унгарија (51%; 46%), каде релативно малиот број задоволни продолжува да се намалува и сега е помалку од половината. Во најмал број задоволни од својот живот во текот на овој период се граѓаните на Бугарија (36%; 38%).

Во рамките на Европската Унија, климата во јавното мислење значајно се разликува. Во "постарите" членки на Унијата ЕУ15, и покрај тоа што бројот на задоволни се намалил за 4 процентни поени (84%; 80%), 4 од 5 граѓани се се уште задоволни од животот. Во "новите" членки на Унијата НМС12, и онака помалиот број на задоволни се намалил за уште 2 процентни поени (66%; 64%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во домашната јавност, помладите (на возраст до 24 г.) се позадоволни (81%; 72%) во однос на останатите возрасни групи, и покрај тоа што бројот на задоволни се намалил за 9 процентни поени. Најпесимисти во текот на овој период остануваат средовечните лица (на возраст од 40 до 54 г.) кои во најголема мера ги поднесуваат последиците од транзицијата (53%; 54%).

Степенот на образование значително ги одредува шансите за успех во животот поради што граѓаните со пониско образование во забележително помал број се задоволни од животот (48%; 45%), за разлика од оние со повисоко образование (82%; 85%) кај кои бројот на задоволни дури и се зголемил за 3 процентни поени.

Бројот на задоволни е највисок помеѓу менаџерите и тој се зголемил за 7 процентни поени (82%; 89%), додека бројот на задоволни помеѓу невработените не само што е најнизок туку и во последните 18 месеци се намалил за 7 процентни поени (55%; 48%).

Во руралните средини задоволството од животот опфаќа помал број граѓани (58%; 59%) отколку во големите градови (77%; 70%), но во градовите бројот на задоволни се намалил за значајни 7 процентни поени.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека политичката ориентација влијае врз перцепцијата на општествената реалност. Оние кои и "припаѓаат" на политичката левица, во изминатите 18 месеци во поголем број се разочарани - бројот на задоволни помеѓу нив се намалил за 8 процентни поени (70%; 62%), за разлика од поддржувачите на моментално владејачката десница, кај кои намалувањето е незначително (70%; 68%).

Резултатите од најновото истражување покажуваат дека граѓаните во семејствата кои имаат тешкотии со плаќање на сметките, во значително помал број се задоволни од животот (59%), во однос на оние кои немаат такви проблеми (81%).

### 1.2. Услови за живот во земјата

**• Граѓаните во земјите-кандидатки во просек понезадоволни од граѓаните во Унијата**

Поголемиот дел од јавноста во Европа е незадоволна од моменталните услови за живот во нивните земји. Резултатите од истражувањето покажуваат дека е далеку поизразена тенденцијата јавноста во земјите-кандидатки да покажува поголемо незадоволство од ситуацијата во нивните земји отколку што е просекот во земјите на ЕУ27. Во Турција, мнозинството од јавноста ги оценува како лоши девет од десетте области опфатени со истражувањето на условите за живеење, во Хрватска тоа е случај со 8, а во земјава со 6 области. Просекот во земјите на ЕУ27 покажува дека мнозинството граѓани се незадоволни во 7 области од секојдневното живеење.

## Графикон 2



Од 6-те области од секојдневното живеење од кои мнозинството граѓани во земјава се незадоволни, на прво место се трошоците за живот (92%). Во Хрватска бројот на незадоволни граѓани со оваа област е за 2 процентни поени поголем (94%). Но во Турција значително помалку граѓани се незадоволни од трошоците за живот (75%), а блиску до тоа е просекот во Унијата (78%). И покрај овие разлики во земјите-кандидатки, незадоволството од трошоците за живот е на прво место на листата на незадоволство од условите за живеење. Во земјите на ЕУ, незадоволството со трошоците за живот е на прво место во мнозинстовото членки (14 од 27).

Второто место на оваа листа во земјава го зазема незадоволството на граѓаните со цените на енергијата (88%). Во Турција, од цените на енергијата незадоволни се 76%, а во Хрватска и ЕУ 69%.

На трето место во земјава е незадоволството со начинот на решавање на проблемите со нееднаквостите и сиромаштијата (80%), исто колку и во Хрватска. Блиску до тоа е и бројот на незадоволни во Турција (78%). Незадоволството со начинот на решавање на проблемите со нееднаквостите и сиромаштијата, во просек, во Унијата опфаќа значителен но сепак помал дел од популацијата (67%) во однос на земјите-кандидатки.

На четврто место во земјава е незадоволството со цените за домување (75%), во Турција бројот на незадоволни граѓани е поголем и изнесува 79%, во Хрватска 77% и во ЕУ 73%.

На петто место во домашната јавност е незадоволството од социјалната помош за невработените (74%). Незадоволството во Хрватска и во Турција опфаќа 5 процентни поени повеќе граѓани (79%). Во земјите на ЕУ27 тој број е значително помал (51%).

На шесто место во земјава е незадоволството од работата на јавната администрација (63%), а тој процент во Хрватска и Турција изнесува 79%, односно 72%. Во ЕУ тесно мнозинство е незадоволно од администрацијата (55%).

Во однос на обезбедувањето на пензиите, јавноста во земјава е поделена: 48% се незадоволни а 45% се задоволни. Во Хрватска значително мнозинство е незадоволно од обезбедувањето на пензиите (91%), а само 6% се задоволни. Во Турција незадоволни се 76% од граѓаните, а во ЕУ 58%.

Во однос на обезбедувањето на здравствената заштита мнозинството од домашната јавност се задоволни (52%), а 47% се незадоволни. Исто така, во ЕУ во просек мнозинството граѓани се задоволни (55%), напроти мнозинството незадоволни во Хрватска (56%) и Турција (58%).

Од решавањето на проблемите на односите меѓу луѓето од различни култури, вери и националности, во земјава тесно мнозинство се задоволни (51%) наспроти 45% кои не се задоволни. Исто така и во ЕУ во просек повеќе граѓани се задоволни (48%) отколку незадоволни (45%). Наспроти тоа, во Хрватска поголем е бројот на незадоволните (49%) од задоволните (43%). Во Турција разликата помеѓу незадоволните и задоволните е уште поголема (53% наспрема 38%) .

Од областа во која живеат мнозинството граѓани се задоволни во сите земји. Во просек, граѓаните на ЕУ се најзадоволни од областа во која живеат (79%), а следуваат Турција (70%), земјава (68%) и Хрватска (62%).

Незадоволството на граѓаните од условите за живеење во европските земји опфатени со истражувањето е фокусирано на трошоците за животот, цените за енергијата и домувањето и решавањето на проблемите на

нееднаквоста и сиромаштијата. Широкораспространетото незадоволство од условите за живеење во овие 4 области, создава негативна клима во јавното мислење во Европа.

### 1.3. Двете најважни прашања со кои се соочува земјата

- **Невработеноста и економската ситуација остануваат главни проблеми за домашната јавност**

**а) Двата најважни проблема со кои се соочува државата**

**Табела 1**

| **QA8a** Според Вас, кои се двете најважни прашања со кои нашата земја се соочува во овој момент? | ЕУ27 Eb 69.2 пролет 2008 | ЕУ27 Eb 70.1 есен 2008 | МК Eb 69.2 пролет 2008 | МК Eb 70.1 есен 2008 | HR Eb 69.2 пролет 2008 | HR Eb 70.1 есен 2008 | TR Eb 69.2 пролет 2008 | TR Eb 70.1 есен 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Криминал | 20% | 17% | 27% | 26% | 50% | 62% | 10% | 5% |
| Економската ситуација | 20% | 37% | 42% | 41% | 31% | 35% | 35% | 32% |
| Порастот на цените, инфлација | 37% | 37% | 29% | 31% | 36% | 33% | 15% | 16% |
| Оданочувањето | 10% | 8% | 4% | 5% | 2% | 2% | 2% | 2% |
| Невработеноста | 24% | 26% | 61% | 60% | 45% | 33% | 55% | 51% |
| Тероризам | 7% | 5% | 3% | 2% | 1% | 3% | 44% | 68% |
| Одбрана / Надворешни работи | 2% | 1% | 4% | 4% | 1% | 0% | 1% | 1% |
| Станбено прашање | 9% | 8% | 2% | 3% | 3% | 2% | 0% | 0% |
| Имиграција | 11% | 9% | 2% | 3% | 1% | 0% | 0% | 1% |
| Здравствен систем | 19% | 16% | 4% | 3% | 8% | 5% | 4% | 4% |
| Образовен систем | 8% | 7% | 2% | 2% | 2% | 2% | 8% | 5% |
| Пензии | 12% | 10% | 3% | 3% | 12% | 15% | 9% | 1% |
| Заштита на животната средина | 5% | 4% | 1% | 3% | 2% | 1% | 1% | 1% |
| Прашања поврзани со енергијата | 5% | 5% | 2% | 5% | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Друго | 2% | 1% | 7% | 7% | 1% | 1% | 3% | 1% |
| Не знае | 1% | 1% | 0% | 0% | 1% | 1% | 1% | 1% |

Споредбата на резултатите од претходниот Евробарометар, спроведен пролетта 2008, и најновиот Евробарометар, спроведен есента 2008, покажуваат дека невработеноста и економската ситуација остануваат на врвот на листата на проблеми со кои се соочува земјата. Иако перцепцијата на невработеноста како главен проблем, во последните шест месеци, се намалила за еден процентен поен (61%; 60%), таа останува проблем број еден. И перцепцијата на проблемите поврзани со економската ситуација во земјата се намалила од 42% на 41% и го задржала второто место. Перцепирањето на овие проблеми како главни во земјава се чини дека е засенето од трендот на зголемување на бројот на граѓани кои ги окупира проблемот на порастот на цените и инфлацијата[4]. Бројот на анкетирани граѓани кои нив ги наведуваат како главен проблем

[4] Извор: Државен завод за статистика: Индексот на цените на мало во октомври 2008 год. во споредба со октомври 2007 год., бележи пораст од 5.7% а индексот за трошоците за живот бележи пораст од 7.1%.

постојано расте. Во летото 2007[5], 7% анкетирани ги посочиле порастот на цените и инфлацијата како главен проблем, а во есента 2007 нивниот број е повеќе од удвоен (16%) и продолжи да расте, а во пролетта 2008 достигна 29%. По овие два големи скока, есенва тој број бележи забавена динамика на раст (од два процентни поени и достигна 31%). На перцепцијата на главните проблеми во земјава, невработеноста и економската ситуација, кои досега битно ја одредуваа климата во јавното мислење, има тенденција да им се "придружи" и проблемот на порастот на цените и инфлацијата. На ранг-листата на перцепцијата на проблемите со кои се соочува земјата, на високото четврто место останува криминалот, иако е во стагнација (27%; 26%). Перцепцијата на другите проблеми од ранг-листата, секој од нив поединечно, окупира помалку од 10% внимание на домашната јавност.

Во земјите на ЕУ27 во пролетта 2008 "осамен" на врвот на листата на проблеми се наоѓаше порастот на цените и инфлацијата и зад него значително заостануваа проблемите поврзани со економската ситуација и криминалот (20% обете) кои го делеа второто и третото место. Резултатите од најновиот Евробарометар покажуваат дека бројот на граѓаните кои се загрижени за економската ситуација драматично се зголемил за 17 процентни поени (20%; 37%) и сега го дели првото место со проблемот на порастот на цените и инфлацијата. Како последица на овие динамични промени, перцепцијата на криминалот како главен проблем е "потиснат" на трето место, и таа се намалила за 3 процентни поени (20%;17%).

Промените во перцепцијата на проблемите во земјите на ЕУ27 се разликуваат кај постарите земји-членки на Унијата од ЕУ15, кои се индустриски поразвиени и со повисок животен стандард, од оние во новите членки на Унијата од НМС12. Во рамките на ЕУ15, загриженоста за економската ситуација двојно се зголемила од 19% на 38%, додека во НМС12 се зголемила за 6 процентни поени (24%; 30%). Загриженоста од порастот на цените и инфлацијата во ЕУ15 стагнира (36%; 35%) а во НМС12 бележи пораст од 3 процентни поени (41%; 44%). Првите знаци на глобалната финансиска криза го фокусираат вниманието на јавноста во побогатите членки на последиците врз перспективите на економијата, додека во посиромашните фокусот е на ценовниот притисок врз граѓаните во тие земји.

[5] Летото 2007 за прв пат е спроведен Стандардниот Евробарометар во земјава

### б) Двата најважни проблема со кои граѓаните лично се соочуваат

**Табела 2**

| | Eb 70.1 есен 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| **QA8b** И лично, кои се двата најважни проблема со кои се соочувате во моментов? | **ЕУ27** | **МК** | **HR** | **TR** |
| Криминал | 8% | 10% | 10% | 3% |
| Економската ситуација | 23% | 37% | 33% | 48% |
| Порастот на цените, инфлација | 50% | 47% | 61% | 32% |
| Оданочувањето | 12% | 6% | 3% | 4% |
| Невработеноста | 14% | 47% | 19% | 34% |
| Тероризам | 2% | 2% | 1% | 18% |
| Одбрана / Надворешни работи | 1% | 2% | 0% | 1% |
| Станбено прашање | 8% | 4% | 10% | 1% |
| Имиграција | 4% | 2% | 0% | 1% |
| Здравствен систем | 16% | 7% | 11% | 9% |
| Образовен систем | 9% | 5% | 6% | 8% |
| Пензии | 15% | 7% | 23% | 6% |
| Заштита на животната средина | 5% | 5% | 3% | 2% |
| Прашања поврзани со енергијата | 9% | 7% | 3% | 3% |
| Друго | 2% | 3% | 2% | 2% |
| Не знае | 4% | 1% | 3% | 3% |

Во последниот Евробарометар, на анкетираните им беше поставено прашањето кои се двата најважни проблема со кои тие лично се соочуваат. Компаративната анализа на разликите во перцепциите на најважните проблеми со кои се соочува земјата и проблемите со кои анкетираните лично се соочуваат, овозможува да се процени колку проблемите во земјата се проектираат на личен план.

Последниот Евробарометар покажува дека во земјава 16% повеќе граѓани сметаат дека се лично погодени од порастот на цените и инфлацијата (47%) отколку што сметаат дека тоа е проблем во земјата (31%). Слична е и состојбата во Унијата, каде во просек 13%, во Турција 16% и во Хрватска 28% повеќе граѓани сметаат дека лично се попогодени од порастот на цените и инфлацијата во однос на нивната земја. Во јавноста постои тенденција изложеноста на последиците од ценовниот притисок да се проектира во значително поголем степен на личен отколку на општ план.

Од проблемот со невработеноста во земјава лично се погодени 47% анкетирани, што претставува 13% помалку од оние што сметаат дека невработеноста е проблем во земјата (60%). Во Унијата во просек 12%, во Хрватска 14% и во Турција 17% помалку анкетирани оцениле дека невработеноста лично ги погодува во споредба со оние кои рекле дека тоа е проблем во нивната земја. Овие податоци укажуваат на постоење стереотипна слика во јавноста за тоа дека од невработеноста се погодени поголем број граѓани отколку што е тоа во реалноста.

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава од порастот на цените и инфлацијата повеќе се погодени граѓаните на возраст од 55 и повеќе години (55%), граѓаните со пониско (52%) и средно образование (50%),

жителите во поголемите градови (50%) и пензионерите (53%). Граѓаните во Полошкиот и Брегалничкиот регион се повеќе погодени (54%) во однос на останатите региони во земјава.

Од невработеноста лично најпогодени се невработените (70%), повеќе од половината граѓани на возраст од 25 до 54 години (54%), граѓаните во Пелагонискиот регион (52%) и во значително поголем број во Повардарскиот (60%) и во Кумановскиот регион (61%).

### 1.4. Доверба во институциите

- **Довербата на домашната јавност во меѓународните институции се намалува но останува поголема отколку во националните институции**

**Табела 3**

| | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **QA12** Колку им верувате на одредени институции: | | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Правосудството | Склони да верувате | 46% | 48% | 24% | 26% | 19% | 20% | 60% | 56% |
| | Склони да не верувате | 48% | 47% | 66% | 66% | 77% | 74% | 34% | 37% |
| | Не знае | 6% | 5% | 10% | 8% | 4% | 6% | 6% | 7% |
| Политичките партии | Склони да верувате | 18% | 20% | 16% | 19% | 9% | 10% | 18% | 22% |
| | Склони да не верувате | 76% | 75% | 78% | 76% | 88% | 86% | 77% | 71% |
| | Не знае | 6% | 5% | 6% | 5% | 3% | 4% | 5% | 7% |
| Регионална или локална власт | Склони да верувате | | 50% | | 28% | | 23% | | 37% |
| | Склони да не верувате | | 44% | | 65% | | 71% | | 56% |
| | Не знае | | 6% | | 7% | | 6% | | 7% |
| Националната влада | Склони да верувате | 32% | 34% | 40% | 39% | 21% | 20% | 47% | 48% |
| | Склони да не верувате | 62% | 61% | 54% | 56% | 75% | 75% | 47% | 47% |
| | Не знае | 6% | 5% | 6% | 5% | 4% | 5% | 6% | 5% |
| Парламентот | Склони да верувате | 34% | 34% | 24% | 27% | 21% | 19% | 47% | 49% |
| | Склони да не верувате | 58% | 58% | 69% | 66% | 74% | 76% | 46% | 45% |
| | Не знае | 8% | 8% | 7% | 7% | 5% | 5% | 7% | 6% |
| Европската Унија | Склони да верувате | 50% | 47% | 64% | 51% | 37% | 32% | 31% | 27% |
| | Склони да не верувате | 36% | 41% | 26% | 38% | 52% | 58% | 52% | 58% |
| | Не знае | 14% | 12% | 10% | 11% | 11% | 10% | 17% | 15% |
| Обединетите нации | Склони да верувате | 54% | 50% | 61% | 53% | 43% | 38% | 23% | 24% |
| | Склони да не верувате | 30% | 35% | 26% | 34% | 45% | 51% | 60% | 57% |
| | Не знае | 16% | 15% | 13% | 13% | 12% | 11% | 17% | 19% |
| НАТО | Склони да | | 43% | | 47% | | 31% | | 26% |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | верувате | | | | | | | | |
| | Склони да не верувате | | 38% | | 40% | | 56% | | 54% |
| | Не знае | | 19% | | 13% | | 13% | | 20% |

Најновиот Евробарометар покажува дека во земјава довербата во меѓународните институции спласнува. Резултатите покажуваат дека во изминатите шест месеци, довербата на домашната јавност најмногу се намалила во ЕУ. Во однос на претходното истражување, довербата се намалила за 13 процентни поени (64%; 51%) и сега ЕУ е на второто место на листата на довербата во домашната јавност. На првото место на довербата во институциите и меѓународните организации сега се наоѓаат Обединетите нации и покрај намалувањето од 8 процентни поени (61%; 53%). На третото место на листата е НАТО, на кого се склони да му веруваат 47% од анкетираните а не се склони да му веруваат 40%[6]. Неопределен став кон НАТО имаат значајни 13% анкетирани граѓани. Општа тенденција, не само во земјава туку и во останатите земји опфатени со истражувањето, е меѓународните институции да уживаат поголем кредибилитет во јавноста но, истовремено, и значително поголем дел од јавноста да има неопределен став кон нив. Тоа се должи на два општи фактора кои ја одредуваат перцепцијата на институциите и организациите: граѓаните подобро ги познаваат националните институции од меѓународните и националните институции се оценувани врз основа на построги критериуми затоа што имаат секојдневно непосредно влијание врз животот на граѓаните.

Владата се наоѓа на четврто место според степенот на доверба од домашната јавност, но е на прво место од националните институции. На Владата склони се да и веруваат 39% анкетирани, што претставува намалување од еден процентен поен во однос на претходното истражување спроведено пред половина година (40%). На Владата не се склони да и веруваат два процентни поени повеќе отколку пред шест месеци (54%; 56%). А бројот на неопределените се намалил од 6% на 5%.

Локалните власти се наоѓаат на петтото место на листата на доверба во домашни и странски институции, а на второ место од домашните институции. На локалните власти се склони да им веруваат 28% анкетирани граѓани во земјава, а големо мнозинство од граѓаните не се склони да им веруваат (65%). Довербата во Парламентот е слична како и во локалните власти. Парламентот се наоѓа на шестото место на листата (трето место според довербата во националните институции). На Парламентот се склони да му веруваат 27%, што е за три процентни поени повеќе од претходното истражување. На претпоследното место на листата доверба се наоѓа правосудството на кого се склони да му веруваат 26%, што е за 2 процентни поени повеќе во однос на минатите шест месеци, а од тројца граѓани двајца не се склони да му веруваат (66%).

На последното место на листата на доверба во домашната јавност се наоѓаат политичките партии. На партиите склони се да им веруваат 19% анкетирани, а не е склон да им верува поголемиот дел од јавноста (76%). Партиите се на дното на листата на доверба во сите земји каде се спроведува Евробарометарот. Но, нивото на таа најниска доверба значително варира од земја до земја (од 5% во Летонија, 7% во Бугарија и во Полска, до 54% во

[6] Довербата во НАТО и во локалните власти претходно не е мерена.

Данска). Довербата на домашната јавност во партиите е околу просекот на довербата во Унијата.

Според просечната доверба во институциите во земјите на ЕУ27, првото и второто место го делат локалните власти и ООН (50%). На третото место е правосудството (48%) а на четврто Европската Унија, во која довербата спласнала за 3 процентни поени во изминатите 6 месеци (50%; 47%). И во ЕУ политичките партии се наоѓаат на последното место со 20% доверба.

Ситуацијата е различна во другите две земји-кандидатки. Во Турција најголема доверба ужива правосудството (56%) а на дното на листата се политичките партии (22%). Во Хрватска најголема доверба уживаат ООН (38%), потоа ЕУ (32%) а на партиите склон е да им верува само секој десетти Хрват (10%).

### 1.5. Куповната моќ

**• Стагнира куповната моќ на граѓаните**

Куповната моќ има битно влијание врз климата во јавното мислење. Во услови кога таа се намалува или стагнира, се јавува тенденција на пораст на генералното незадоволство и општа фрустрираност во јавноста и обратно - кога таа расте, преовладува општа клима на оптимизам, како и на индивидуален и социјален ентузијазам.

**Табела 4**

| | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **QA20** Размислувајќи за Вашата куповна моќ, ако ја споредите Вашата сегашна ситуација со онаа од пред пет години, дали би рекле дека ситуацијата се подобрила, останала иста или се влошила? | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Се подобрила | 19% | 18% | 20% | 18% | 19% | 18% | 21% | 23% |
| Останала иста | 28% | 29% | 37% | 38% | 36% | 30% | 27% | 30% |
| Се влошила | 52% | 51% | 42% | 42% | 44% | 51% | 50% | 45% |
| Не знае | 1% | 2% | 1% | 2% | 1% | 1% | 2% | 2% |

Во домашната јавност за два проценти се намалил бројот на анкетирани кои изјавиле дека нивната куповна моќ се подобрила во однос на минатите 5 години (20%; 18%), а за најголем дел од анкетираните оценката дека нивната куповна моќ се влошила не се променила во текот на минатите 6 месеци. Во пролетта 2008, како и сега, 42% граѓани оцениле дека куповната моќ им се влошила. За повеќе од 1/3 граѓани куповната моќ останала непроменета (37%; 38%). Ако се земе предвид дека овие одговори се во контекст на општ низок животен стандард во земјата, може да се процени дека и изјавите на оние дека не се променила нивната куповна моќ претставуваат негативна индикација. Потврда за ова се податоците од истражувањето кои покажуваат дека се зголемува бројот на семејства кои имаат тешкотии со плаќање на сметките на крајот од месецот. Во земјава во текот на минатите 6 месеци се зголемил бројот на овие семејства (79%; 82%), а за исто толку се намалил бројот на семејствата кои немаат тешкотии да ги платат сметките (20%;17%) .

**Табела 5**

| QA21 До кој степен се согласувате или не се согласувате со следната изјава: Имате потешкотии да ги платите сите сметки на крајот на месецот. | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Се согласувам | 47% | 46% | 79% | 82% | 51% | 54% | 84% | 78% |
| Не се согласувам | 50% | 51% | 20% | 17% | 47% | 45% | 13% | 19% |
| Не знае | 3% | 3% | 1% | 1% | 2% | 1% | 3% | 3% |

Во земјите на ЕУ27 во просек исто така стагнира куповната моќ. Во ЕУ 19% анкетирани во пролетта 2008 оцениле дека нивната куповна моќ се подобрува, а 6 месеци потоа 18%. Од друга страна, мнозинството во Унијата оценува, исто како и пред 6 месеци, дека нивната куповна моќ се влошила (52%; 51%) а нешто повеќе од секој четврти во Унијата изјавил дека неговата куповна моќ не се променила. Тесно мнозинство од семејствата во ЕУ немаат проблеми со плаќање на сметките (50%; 51%) а значаен е бројот на семејствата имаат такви тешкотии (47%; 46%). Во овој дел од јавноста постојат претпоставки за генерирање незадоволство и социјална фрустрираност која општата клима во јавноста ја обојува со темни нијанси.

Кај другите две земји-кандидатки, слично како и во земјава, околу 1/5 од анкетираните оценуваат дека нивната куповна моќ се подобрува: Турција (21%; 23%) и Хрватска (19%; 18%). Резултатите во Хрватска се блиску до европскиот просек. Бројот на граѓани кои имаат тешкотии со плаќање на сметките (51%; 54%) е со тенденција на зголемување. Во Турција, слично како и во земјава, големо мнозинство од семејставата имаат тешкотии да ги плаќаат сметките, но со таа разлика што бројот на таквите семејства се намалил за 6 процентни поени во минатите 6 месеци (84%; 78%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во домашната јавност, куповната моќ повеќе се подобрува меѓу помладите на возраст од 15 до 24 г. (29%) отколку меѓу постарите - на возраст од 55+ години (14%). Подобрувањето на куповната моќ е двојно пораспространето кај студентите (32%), во однос на оние со ниско образование (15%). Во значително поголем број се подобрува куповната моќ меѓу службениците (39%), во однос на мануелните работници (13%) и невработените (10%), кои се далеку под просекот во земјата.
Значително поголем број од просекот во земјата имаат тешкотии со плаќање на сметките: граѓаните со пониско образование (85%), мануелните работници и граѓаните на возраст од 25 до 34 години (88%), домаќинките (89%) и невработените (90%).

## 2. Погледи на разликите на реалноста во земјата и ЕУ

### 2.1. Разлики во економската ситуација

**• Голем пад на довербата во националните економии**

**Табела 6**

| | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **QA4a** Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните работи: | | Eb 68 | Eb 70 | Eb 68 | Eb 70 | Eb 68 | Eb 70 | Eb 68 | Eb 70 |
| Националната економија | Добра | 48% | 29% | 32% | 30% | 18% | 11% | 46% | 21% |
| | Лоша | 49% | 69% | 67% | 69% | 80% | 87% | 49% | 75% |
| | Не знае | 3% | 2% | 1% | 1% | 2% | 2% | 5% | 4% |
| EU економија | Добра | 58% | 33% | 69% | 58% | 56% | 32% | 55% | 30% |
| | Лоша | 27% | 58% | 15% | 29% | 31% | 58% | 22% | 52% |
| | Не знае | 15% | 9% | 16% | 13% | 13% | 10% | 23% | 18% |
| Светската економија | Добра | | 20% | | 46% | | 22% | | 19% |
| | Лоша | | 71% | | 40% | | 67% | | 63% |
| | Не знае | | 9% | | 14% | | 11% | | 18% |

<u>- Перцепција на ситуацијата во националната економија</u>

Резултатите за перцепцијата на состојбата во националната економија кај домашната јавност покажуваат дека двојно повеќе граѓани сметаат дека ситуацијата е лоша отколку што сметаат дека е добра. Во текот на минатата година ваквата слика за економијата практично не претрпела позначајни промени. Од минатата есен, бројот на анкетирани кои сметаат дека ситуацијата во домашната економија е добра се намалил само за два процентни поени (32%; 30%), за колку што се зголемил бројот на оние кои сметаат дека ситуацијата е лоша (67%; 69%).

Пред една година, јавноста во ЕУ27, во просек, била поделена на оние кои сметале дека ситуацијата на економиите во нивните земји била добра и на оние што имале спротивен став (48% спрема 49%). Една година потоа, перцепцијата драстично се променила - бројот на анкетирани кои оваа есен оцениле дека ситуацијата на економијата во нивната земја е добра се намалил за 19 процентни поени (48%; 29%).

Во останатите две земји-кандидатки тенденцијата на разочараност од економската ситуација во нивната земја е слична. Во Хрватска и онака малиот број кои сметале дека ситуацијата во економијата е добра, дополнително се намалил за 7 процентни поени (18%; 11%), а во Турција намалувањето е уште подрастично - за 25 процентни поени (46%; 21%).

- <u>Перцепција на ситуацијата во европската економија</u>

Оптимизмот помеѓу Европејците во однос на европската економија во текот на минатата година бележи уште поголемо намалување во споредба со оптимизмот во однос на националните економии. И покрај тоа, во просек, се уште повеќе граѓани гледаат со оптимизам во економијата на ЕУ отколку во националните економии, затоа што пред една година 58% анкетирани ја оцениле економската ситуација во ЕУ како добра, што е за 10 процентни поени повеќе од оние што во просек го имале овој став за нивните национални економии (48%). Пред една година, двојно поголем број Европејци ја гледале економската ситуација во ЕУ како добра наспроти оние кои имале поинаков став (58% спрема 27%). Според најновиот Евробарометар, мнозинството смета дека европската економија е во лоша ситуација (58%), а секој трет Европеец (33%) смета дека е во добра состојба. Глобалната криза влијае и врз перцепцијата на состојбата во европската економија кај јавноста на земјите-кандидатки. Оптимизмот во однос на европската економија најмногу се намалил во Турција - за 25 процентни поени (55%; 30%), потоа во Хрватска за 24 процентни поени (56%; 32%) и во земјава за 11 процентни поени (69%; 58%). За разлика од другите две земји-кандидатки, мнозинството во земјава смета дека ситуацијата во европската економија е добра.

- <u>Перцепција на ситуацијата во светската економија</u>

Перцепцијата на граѓаните на ЕУ за состојбата во која се наоѓа светската економија[7] е попесимистичка отколку во земјите-кандидатки. Во земјите на ЕУ27, во просек, 71% оцениле дека ситуацијата со светската економија е лоша. Така гледаат 67% од граѓаните во Хрватска, 63% во Турција и 40% од граѓаните во земјава.

[7] Досега не се истражувани оценките за ситуацијата во светската економија.

### 2.2. Споредба на состојбата во земјата со онаа во ЕУ

**• Перцепцијата на ситуацијата во земјата во споредба со европскиот просек во секој поглед е полоша**

**Табела 7**

| **QA7a** За секоја од следните области, дали би рекле дека ситуацијата во земјата е подобра или помалку добра од просекот на европските земји? | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 69.2 | Eb 70.1 | Eb 69.2 | Eb 70.1 | Eb 69.2 | Eb 70.1 | Eb 69.2 | Eb 70.1 |
| Националната економија | Подобра | 35% | 36% | 15% | 11% | 12% | 14% | 14% | 22% |
| | Полоша | 56% | 55% | 83% | 85% | 82% | 81% | 77% | 70% |
| | Не знае | 9% | 9% | 2% | 4% | 6% | 5% | 9% | 8% |
| Вработеноста во земјата | Подобра | 34% | 31% | 11% | 7% | 12% | 11% | 10% | 15% |
| | Полоша | 57% | 59% | 88% | 90% | 82% | 85% | 81% | 77% |
| | Не знае | 9% | 10% | 1% | 3% | 6% | 4% | 9% | 8% |
| Трошоци за живот | Подобра | 21% | 26% | 11% | 6% | 11% | 12% | 11% | 15% |
| | Полоша | 72% | 67% | 86% | 92% | 85% | 84% | 81% | 77% |
| | Не знае | 7% | 7% | 3% | 2% | 4% | 4% | 8% | 8% |
| Цените на енергијата | Подобра | 14% | 18% | 11% | 9% | 11% | 15% | 10% | 11% |
| | Полоша | 73% | 67% | 84% | 85% | 81% | 79% | 79% | 77% |
| | Не знае | 13% | 15% | 5% | 6% | 8% | 6% | 11% | 12% |
| Квалитетот на животот | Подобра | 46% | 50% | 15% | 12% | 22% | 23% | 13% | 14% |
| | Полоша | 48% | 44% | 82% | 85% | 73% | 72% | 78% | 78% |
| | Не знае | 6% | 6% | 3% | 3% | 5% | 5% | 9% | 8% |
| Животната средина | Подобра | | 48% | | 21% | | 44% | | 19% |
| | Полоша | | 41% | | 75% | | 51% | | 72% |
| | Не знае | | 11% | | 4% | | 5% | | 9% |

Резултатите од најновиот Евробарометар покажуваат дека перцепцијата на реалноста во земјава од страна на домашната јавност е полоша од перцепцијата на реалноста во европските земји, и тоа според неколку параметри:

<u>- на прво место</u> се трошоците за живот (92%);
<u>- на второ место</u> е вработеноста во земјата (90%);
<u>-од третото до петтото место</u> се домашната економија, цените на енергијата и квалитетот на животот - во еднаков број за сите три - (85%);
<u>- на шестото место</u> е ситуацијата со животната средина (75%).

Во однос на претходното истражување, граѓаните сметаат дека нивната ситуација, во споредба со европскиот просек, најмногу се влошила во однос на

трошоците за живот. Во текот на минатите 6 месеци, бројот на граѓани кои сметаат дека трошоците за живот во земјата се понеповолни од европскиот просек се искачил од 86% на 92% и сега се наоѓа на прво место на негативната листа.

Два процентни поени повеќе граѓани во земјава оценуваат дека состојбата со вработеноста е полоша во однос на европскиот просек (88%; 90%) и од првото место во претходното истражување, вработеноста сега се наоѓа на второ место поради поизразената негативна промена на ставовите за трошоците за живот.

Еден процентен поен повеќе анкетирани, во однос на претходното истражување, оцениле дека цените на енергијата дома се понеповолни од европскиот просек (84%; 85%)

Во истиот период, два процентни поени повеќе граѓани оцениле дека е полоша состојбата во домашната економија (83%; 85%).

Квалитетот на животот, во однос на европскиот просек, се влошил за три процентни поени (82%; 85%).

Споредбата на просечните резултати во земјите на Унијата со резултатите од домашната јавност, од последното истражување[8], ги покажува следните разлики во перцепцијата на реалноста меѓу домашната јавност и јавноста во земјите на ЕУ27:

- <u>квалитетот на животот:</u> 41% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека е полош од европскиот просек (оценката "полош" ја дале 44% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 85%).

- <u>ситуацијата со животната средина:</u> 34% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека е полоша од европскиот просек (оценката "полош" ја дале 41% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 75%).

.

- <u>вработеноста во земјата:</u> 31% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека е полоша од европскиот просек (оценката "полоша" ја дале 59% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 90%).

.

- <u>домашната економија:</u> 30% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека е полоша од европскиот просек (оценката "полоша" ја дале 55% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 85%).

<u>- трошоците за живот:</u> 25% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека се понеповолни од европскиот просек (оценката "полоши ја дале 67% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 92%).

- <u>цената на енергијата:</u> 18% повеќе анкетирани во земјава отколку во ЕУ сметаат дека е понеповолна од европскиот просек (оценката "полоша" ја дале 67% граѓани во земјите на ЕУ27; во земјата 85%).

---

[8] Споредбата на просечните резултати за земјите во Унијата со резултатите од домашната јавност, од претходното истражување спроведено пролетта 2008, покажува дека 34% повеќе анкетирани во земјава отколку во земјите на ЕУ27 оцениле дека квалитетот на животот е полош, 29% вработеноста во земјата, 27% домашната економија, 14% трошоците за живот и 11% цената на енергијата.

Ваквата перцепција на разликите меѓу реалностите во земјата и просекот во Европа има силно и континуирано влијание на мотивираноста на домашната јавност за поддршка на приклучувањето на земјата во Унијата.

### 2.3. Правецот во земјата и ЕУ

- **Песимизмот доминира во јавноста на земјите-кандидатки и на членките на Унијата**

**Табела 8**

| QA11a Дали би рекле дека, општо земено работите одат во правилна или во погрешна насока во ...? | | EU27 | | MK | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Правецот на земјата | Правилна насока | 32% | 28% | 47% | 43% | 28% | 15% | 17% | 22% |
| | Погрешна насока | 45% | 49% | 28% | 32% | 48% | 63% | 72% | 64% |
| | Ниту едното, ниту другото | 19% | 19% | 21% | 21% | 21% | 19% | 3% | 2% |
| | Не знае | 4% | 4% | 4% | 4% | 3% | 3% | 8% | 12% |
| Правецот во ЕУ | Правилна насока | 42% | 35% | 65% | 52% | 38% | 25% | 40% | 27% |
| | Погрешна насока | 25% | 34% | 12% | 18% | 24% | 40% | 28% | 42% |
| | Ниту едното, ниту другото | 19% | 19% | 11% | 16% | 26% | 27% | 3% | 2% |
| | Не знае | 14% | 12% | 12% | 14% | 12% | 8% | 29% | 29% |

- Како јавноста во земјите-кандидатки и во членките на Унијата гледа на правецот во кој се движат нивните земји

Перцепцијата на актуелната економска, социјална и политичка ситуација од страна на граѓаните влијае врз нивната оценка за правецот во кој се движи земјата. Одговорите дека земјата се движи во правилна насока се индикација за оптимизам во однос на перцепцијата на вкупната состојба во земјата, додека одговорите “погрешна насока” го изразуваат јавниот песимизам и резигнација.

Најновиот Евробарометар покажува дека во последните шест месеци бројот на граѓани во домашната јавност кои оцениле дека земјата оди во правилна насока се намалил за 4 процентни поени (од 47% на 43%). Пролетта 2008 имаше 19 процентни поени повеќе оптимисти (47% спрема 28%), а сега оптимистите од песимистите ги раздвојуваат 11 процентни поени (43% наспрема 32%). Во овој период бројот на оние кои сметаат дека земјата не оди ниту во правилна ниту во погрешна насока не се променил (21%), како и на оние кои не можат да оценат (4%). И покрај намалениот ентузијазам, во земјава се уште преовладува оптимизмот над песимизмот.

За разлика од тоа, податоците за земјите на ЕУ27 укажуваат на продлабочување на песимизмот. Во земјите на ЕУ, во просек, пролетта 2008 оптимистите од песимистите ги одвојувале 13 процентни поени (32% спрема 45%) а во последното истражување има 21 процентен поен повеќе песимисти од оптимисти (49% спрема 28%). Може да се заклучи дека импликациите од глобалната финансиска криза оставаат видлив белег на општото расположение во јавноста на земјите во Унијата. Но тоа влијание е различно од земја до

земја. Од 27 земји-членки на Унијата, во 6 се зголемил бројот на оптимисти во однос на насоката во која се движи нивната земја. Во Германија, Холандија, Австрија, Словенија, Италија и Унгарија, бројот на оптимисти се зголемил за 4 до 7 процентни поени. Во оваа група специфична е ситуацијата во Унгарија каде ниското ниво на оптимизам се зголемило од 4% на 8% и во Италија - од 9% на 15%, што значи дека во овие земји и натаму доминира песимизмот. Од друга страна, во 11 земји дошло до поголем пад на оптимизмот – позитивната оценка се намалила за 5 до 25 процентни поени. Позначаен пад на оптимизмот се забележува во Ирска, Грција, Белгија, Малта, Шпанија, Кипар, Естонија, Литванија, Полска, Финска и Бугарија. Специфични случаи се Ирска, каде оптимизмот се намалил од 40% на 15%, и Грција, каде и онака нискиот оптимизам опаднал од 25% на 18%.

Разлики се забележуваат меѓу земјите-кандидатки. Додека во земјава, и покрај опаѓањето, оптимизмот се уште преовладува, песимизмот се продлабочува во Хрватска и Турција. Во Хрватска, пролетта 2008, 28% оцениле дека нивната земја се движи во правилна а 48% во погрешна насока. Најновите податоци покажуваат дека бројот на оптимисти во таа земја се намалил на 15%, а бројот на песимистите се зголемил на 63%. Во Турција трендот е во спротивна насока, бројот на оптимисти се зголемил од 17% на 22%, а бројот на песимисти спласнал од 72% на 64%. Но и во двете земји преовладува песимизмот.

- <u>Како јавноста во земјите-кандидатки и во членките на Унијата гледа на правецот во кој се движи Европската Унија</u>

Истражувањето покажува дека ентузијазмот се намалува и во членките на ЕУ и во земји-кандидатки.

Пролетта 2008 мнозинството граѓани на Унијата (42%) оцениле дека ЕУ оди во правилна насока, а 25% дека се движи во погрешна насока. Најновиот Евробарометар покажува дека сликата сосема се променила - од пролетта до есенва, доминацијата на оптимистите во јавноста од 19 процентни поени се "стопила" на само еден процент поен (35% спрема 34%). Бројот на оние кои сметаат дека ЕУ не се движи ниту во правилна ниту во погрешна насока не се променил (19%), а на неопределените се намалил (14% ;12%).

Во јавноста на трите земји-кандидатки оптимизмот дека ЕУ се движи во правилна насока значајно се намалил во еднаков број - кај домашната, хрватската и турската јавност за 13 процентни поени.

Пред 6 месеци, 65% граѓани во земјава сметале дека ЕУ се движи во правилна насока, а во најновото истражување нивниот број паднал на 52%. Во овој период се зголемил бројот на резигнираните кои сметаат дека ЕУ се движи во погрешна насока од 12% на 18%. Се зголемил и бројот на оние кои сметаат дека Унијата не оди ниту во правилна ниту во погрешна насока (од 11% на 16%), а бројот на неопределените се зголемил од 12% на 14%. Вкупниот ефект на овие промени во домашната јавност резултира со намалување на доминацијата на ентузијастите во земјава од 53% пред 6 месеци на 34% повеќе ентузијасти од резигнирани оваа есен.

Во Хрватска во овој период сосема се променила сликата за ЕУ: од доминација на ентузијазмот од 14% пролетта, на доминација од 15% на скептицизмот. И во Турција дошло до таков пресврт (доминацијата на

оптимизмот од 12% пролетта; доминација на резигнацијата од 15% есента 2008).

## 3. Како граѓаните гледаат на членството во ЕУ

### 3.1. Членството во ЕУ добра или лоша работа?

**• Јавноста во сите три земји –кандидатки се понезадоволна**



Во периодот меѓу пролетниот и есенскиот Евробарометар 2008, бројот на анкетираните кои сметаат дека членството на земјата во ЕУ би било добра работа опаднал за 10 процентни поени (од 72% на 62%). Оваа промена во позитивната клима кон зачленувањето се должи на зголемувањето на бројот на анкетираните (од 20% на 26%) кои се колебаат во однос на ова прашање (сметаат дека зачленувањето не е ниту добра ниту лоша работа), потоа на зголемувањето за по два процентни поени на оние кои сметаат дека членството на земјата во ЕУ би било лоша работа (6%; 8%) и на оние кои немаат став (2%; 4%). Овие промени го изразуваат незадоволството кај граѓаните од забавеното темпо на приближување на земјата кон ЕУ. И по три години кандидатски статус, земјата се уште нема добиено датум за отпочнување преговори за полноправно членство во ЕУ. Но, и покрај овие промени, мнозинството граѓани во земјава се уште смета дека членството на земјата во ЕУ би било добра работа.

**Графикон 3**




И во другите две земји-кандидатки незадоволството е во пораст. Во Хрватска, и покрај тоа што пристапните преговори со ЕУ се во тек, бројот на граѓаните кои сметаат дека членството на земјата во ЕУ би било добра работа опаднал за 7 процентни поени (од 30% на 23%), исто колку и во Турција (49%; 42%). И покрај разочарувањата во земјава во последните 6 месеци, позитивниот став кон зачленувањето во Унијата е далеку поприсутно во однос на другите две земји – кандидатки, како и од просекот во ЕУ.

Во земјите на ЕУ27 во просек 53% од граѓаните сметаат дека членството во Унијата е добра работа за нивната земја, но оценките варираат во широк дијапазон: од 27% во Летонија до 80% Холандија.

**Социо-демографската анализа** покажува дека позитивните погледи кон зачленувањето во ЕУ меѓу двете истражувања најмалку се намалиле кај младите на возраст од 15 до 24 години (80% ; 76%) а промени не се забележани во ставовите на учениците и студентите - тие и натаму сметаат дека зачленувањето во Унијата е добра работа (80%). Овие резултати

покажуваат дека кај помладата популација и натаму опстојува надежта дека со приклучувањето на земјата во Унијата, нивните шанси во животот ќе се подобрат. Спротивно на тоа, има разочарување кај повозрасната популација, посебно кај граѓаните на возраст од 55+ години, кај кои бројот на оние со позитивен став за членството на земјата во ЕУ се намалил за 19 процентни поени (68%; 49%). Последното истражување покажува дека разочарувањето е присутно кај анктираните од сите политички ориентации. Граѓаните кои се самоидентификуваат како припадници на политичката левица сега за 23 процентни поени помалку сметаат дека зачленувањето во Унијата е добра работа (80%; 57%). Намалувањето кај оние кои сметаат дека му припаѓаат на политичкиот центар е 6 процентни поени (71%; 65%) а кај поддржувачите на десницата - 8 процентни поени (71%; 63%). Оние граѓани кои имаат доверба во Унијата во многу помал број се разочарани. Тие и натаму во голем број сметаат дека зачленувањето на земјата во Унијата е добра работа (83%; 80%), додека кај граѓаните кои немаат доверба во Унијата, разочарувањето се продлабочува (50%;41%).

### 3.2. Придобивки од членството во ЕУ

**• Се намалува бројот на граѓани во земјите-кандидатки кои се убедени во придобивките од членството во Унијата**

**Графикон 4**




Во текот на изминатите 6 месеци, бројот на граѓани кои очекуваат придобивки од зачленувањето на земјата во ЕУ се намалил за 8 процентни поени[9] (82% ; 74%). Оваа промена се должи на зголемениот број на скептиците

[9] Анкетираните во земјите-кандидатки одговараат на одреден број прашања во врска со перцепцијата за разни аспекти поврзани со ЕУ кои се од хипотетички карактер и нивните одговори се проекции од нивните очекувања, додека анкетираните во земјите на ЕУ27

за 6 процентни поени (11% ; 17%) и на зголемениот број на неопределените за два процентни поени (7% ; 9%). Пролетта 2008 година, кај домашната јавност доминираше увереноста дека земјата би имала корист од членството во ЕУ и беше осум пати поприсутна од скепсата дека земјата не би имала корист од очекуваниот прием во ЕУ. Есенва оптимизмот е преполовен и сега е четири пати поприсутен од скептицизмот.

Во Турција, во истиот период, бројот на оптимистите се намалил за 10 процентни поени (58% ; 48%). Од друга страна, недовербата во однос на придобивките од членството се зголемила (29% ; 36%).

Во Хрватска продолжува трендот на намалување на бројот на граѓани кои очекуваат корист од зачленувањето. Во пролетта 2008 тоа било случај со 44% од граѓаните, а есента нивниот број се намалил на 33%.

Во рамките на ЕУ27, анкетираните граѓани оценуваа какви се бенефитите од членството на нивните земји во ЕУ. Резултатите покажуваат дека, во просек, во ЕУ27 над половината анкетирани (56%) сметаат дека нивната земја има корист од членството. Анкетираните во Ирска (79%), Естонија (78%) и Данска и Холандија (76%), далеку над просекот во Унијата сметаат дека нивната земја има корист од членството во ЕУ**.** Под просекот се Бугарија (43%), Италија (41%) и Обединетото Кралство и Унгарија (39%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава студентите и учениците, во најголем дел (96%), очекуваат придобивки од членството во Унијата, додека процентот на пензионерите кои го делат тој став (59%) е под просекот на земјата. Перцепцијата на користа од членството е директно поврзана со ставот кон Унијата. Многу голем број (89%) од оние кои имаат доверба во Унијата сметаат дека земјата ќе има бенефит од членството, а такви очекувања постојат кај многу помал број од оние кои немаат доверба во Унијата (58%). И покрај ваквите големи разлики, значајно е да се истакне дека и мнозинството од граѓаните кои имаат доврба и мнозинството граѓани кои немаат доберба во ЕУ и натаму очекуваат бенефити од членството на земјата во Унијата.

### 3.3. Чувството на прифатеност од ЕУ

**• Мнозинството граѓани на земјите-кандидатки се чувствува неприфатено од ЕУ**

**Табела 9**

| **QA15a** Кажете ми за секоја изјава, дали би сте се согласиле или не би се согласиле? | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 69 | Eb 70 | Eb 69 | Eb 70 | Eb 69 | Eb 70 | Eb 69 | Eb 70 |
| Мојот глас нешто значи во ЕУ | Би се согласил | | 30% | | 24% | | 32% | | 27% |
| | Не би се согласил | | 61% | | 66% | | 58% | | 54% |
| | Не знае | | 9% | | 10% | | 10% | | 19% |
| Гласот на мојата земја се зема предвид во ЕУ | Би се согласил | 61% | 60% | 23% | 23% | 32% | 36% | 38% | 24% |
| | Не би се согласил | 29% | 31% | 62% | 61% | 57% | 54% | 45% | 55% |
| | Не знае | 10% | 9% | 15% | 16% | 11% | 10% | 17% | 21% |
| ЕУ ги наметнува | Би се согласил | 60% | 60% | 64% | 68% | 85% | 78% | 57% | 56% |

---

одговараат во врска со перцепцијата за разни аспекти поврзани со ЕУ кои се засновани на нивните искуства.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| своите гледишта на мојата земја | Не би се согласил | 26% | 27% | 20% | 18% | 10% | 15% | 21% | 23% |
| | Не знае | 14% | 13% | 16% | 14% | 5% | 7% | 22% | 21% |
| ЕУ е чувствителна на прашањата поврзани со граѓаните на мојата земја | Би се согласил | | 30% | | 24% | | 17% | | 20% |
| | Не би се согласил | | 55% | | 62% | | 74% | | 56% |
| | Не знае | | 15% | | 14% | | 9% | | 24% |

Мнозинството од јавноста во земјава се чувствува неприфатено од ЕУ. Две третини од анкетираните граѓани (66%) не се согласуваат со тоа дека нивниот глас значи нешто во ЕУ, а само секој четврти е убеден дека неговиот глас има некаква вредност во Унијата (24%). Слична е ситуацијата и во земјите на ЕУ27: 61% се убедени дека нивниот глас нема вредност во Унијата, а 30% имаат спротивно мислење. Во Хрватска, 32% се убедени дека нивниот глас вреди во Унијата, а 58% мислат дека тоа не е случај. Во Турција, 27% се убедени дека нивниот глас вреди во Унијата, а 54% сметаат дека не вреди. Ваквите ставови се во корелација со оценката дека ЕУ не е чувствителна на прашањата поврзани со граѓаните на нивната земја. Најмногу граѓани во Хрватска се убедени дека ЕУ нема разбирање за проблемите на граѓаните во нивната земја (74%). Овој став го делат 62% од граѓаните во земјава, 56% во Турција и 55%, во просек, граѓаните во Унијата.

Во периодот помеѓу двете истражувања, за 4 процентни поени се зголемил бројот на граѓаните во земјава кои сметаат дека Унијата и ги наметнува на земјата своите гледишта (64% ; 68%). Спротивно на тоа, граѓаните во Хрватска за 7 процентни поени помалку сега сметаат дека Унијата и ги наметнува своите гледишта на нивната земја (85% ; 78%). Во Турција (57% ; 56%) и во Унијата (60% ; 60%) нема промени во однос на ова прашање.

Најголеми разлики меѓу граѓаните во Унијата и граѓаните во земјите-кандидатки има во ставовите во врска со прифатеноста на интересите на земјата во Унијата. Во земјите на ЕУ27, во просек, мнозинството од анкетираните сметаат дека Унијата го зема предвид гласот на нивната земја (61% ; 60%), а тоа мислење го има значително помал процент од граѓаните во земјите-кандидатки. Во земјава, во периодот меѓу двете последни истражувања, не се променил бројот на граѓаните кои сметаат дека гласот на земјата се зема предвид во Унијата (23%). Во Хрватска нивниот број се зголемил за 4 процентни поени (32% ; 36%) а скептицизмот во Турција значително пораснал: сега 14 процентни поени помалку граѓани сметаат дека гласот на нивната земја се зема предвид во Унијата (38% ; 24%) .

## 4. Поглед кон иднината

### 4.1. Краткорочни очекувања

**• И во Унијата и во земјите-кандидатки расте песимизмот во однос на блиската иднина**

**Табела 10**

| **QA6a** Какви се Вашите очекувања за следните 12 месеци: дали ќе биде подобро, полошо или исто, кога станува збор за ...? | | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Вашиот живот воопшто | Подобро | 32% | 24% | 40% | 35% | 31% | 23% | 25% | 24% |
| | Полошо | 16% | 22% | 19% | 19% | 20% | 26% | 43% | 38% |
| | Исто | 49% | 51% | 40% | 43% | 47% | 48% | 25% | 29% |
| | Не знае | 3% | 3% | 1% | 3% | 2% | 3% | 7% | 9% |
| Економската ситуација во земјата | Подобро | 16% | 15% | 29% | 33% | 16% | 14% | 14% | 15% |
| | Полошо | 46% | 51% | 37% | 31% | 44% | 51% | 66% | 53% |
| | Исто | 33% | 29% | 31% | 31% | 35% | 31% | 12% | 23% |
| | Не знае | 5% | 5% | 3% | 5% | 5% | 4% | 8% | 9% |
| Финансиската ситуација во Вашето домаќинство | Подобро | 22% | 18% | 30% | 31% | 25% | 24% | 16% | 21% |
| | Полошо | 25% | 27% | 26% | 22% | 24% | 28% | 51% | 41% |
| | Исто | 50% | 52% | 41% | 44% | 48% | 46% | 28% | 30% |
| | Не знае | 3% | 3% | 3% | 3% | 3% | 2% | 5% | 8% |
| Состојбата со вработеноста во земјата | Подобро | 21% | 13% | 26% | 26% | 21% | 16% | 12% | 13% |
| | Полошо | 39% | 53% | 39% | 35% | 36% | 44% | 66% | 56% |
| | Исто | 34% | 29% | 30% | 34% | 37% | 36% | 15% | 23% |
| | Не знае | 6% | 5% | 5% | 5% | 6% | 4% | 7% | 8% |
| Вашата лична ситуација во врска со работата | Подобро | 20% | 18% | 25% | 25% | 19% | 19% | 17% | 18% |
| | Полошо | 10% | 12% | 20% | 21% | 13% | 15% | 43% | 37% |
| | Исто | 61% | 58% | 49% | 45% | 46% | 52% | 34% | 35% |
| | Не знае | 9% | 12% | 6% | 9% | 22% | 14% | 6% | 10% |
| Економската ситуација во ЕУ | Подобро | 18% | 16% | 42% | 37% | 19% | 17% | 26% | 21% |
| | Полошо | 26% | 41% | 13% | 18% | 25% | 36% | 29% | 38% |
| | Исто | 38% | 31% | 27% | 26% | 36% | 35% | 15% | 21% |
| | Не знае | 18% | 12% | 18% | 19% | 20% | 12% | 30% | 20% |
| Економската состојба во светот | Подобро | | 15% | | 31% | | 16% | | 17% |
| | Полошо | | 49% | | 24% | | 42% | | 44% |
| | Исто | | 25% | | 25% | | 30% | | 19% |
| | Не знае | | 11% | | 20% | | 12% | | 20% |
| Еколошката состојба во земјата | Подобро | | 21% | | 39% | | 21% | | 14% |
| | Полошо | | 27% | | 23% | | 29% | | 47% |
| | Исто | | 46% | | 30% | | 44% | | 26% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не знае | | 6% | | 8% | | 6% | 13% |

- На планот на личниот живот, во периодот меѓу двата Евробарометра, бројот на оние во земјава кои очекуваат во следните 12 месеци нивниот живот генерално да биде подобар се намалил за 5 процентни поени (од 40% на 35%). Во земјите на ЕУ27, во просек, бројот на оптимистите се намалил за 8 процентни поени (32% ; 24%), исто како и во Хрватска (31% ; 23%), а во Турција практично останал непроменет (25% ; 24%).

- Кога станува збор за економската ситуација во земјата, значително се зголемил бројот на песимистите во Унијата (од 46% на 51%) и тие очекуваат економската ситуација во нивната земја да се влоши во следните 12 месеци. Овој психолошки ефект од глобалната финансиска криза е евидентен и во Хрватска. Песимизмот за економската состојба во оваа земја се зголемил за 7 процентни поени (44% ; 51%). Спротивно на тоа, во земјава бројот на песимистите се намалил од 37% на 31%, а во Турција уште повеќе (66% ; 53%), иако во оваа земја мнозинството остануваат песимисти. Во земјава бројот на оптимистите се зголемил за 4 процентни поени (29% ; 33%), а во Турција останал непроменет (14% ; 15%) и е двојно помал од бројот на оптимистите во земјава. Очигледно, реакцијата на јавноста на глобалната финансиска криза и нејзината рефлексија врз перцепцијата на националната економија се разликува од земја до земја. Деталниот преглед на реакциите на јавноста во земјите на ЕУ27 покажува дека постојат три ситуации. Прво, земји каде што песимизмот во периодот меѓу двете истражување го опфаќа мнозинството анкетирани и практично сосема малку се променил, како што е случај со Обединетото Кралство (62% ; 59%), Португалија (59% ; 58%) и Грција (65% ; 66%). Второ, песимизмот околу националната економија значително се зголемил во периодот помеѓу двете истражувања во земјите каде претходно песимизмот бил на ниско ниво. Во Малта тоа зголемување изнесува 28 процентни поени (17% ; 45%), во Австрија 27 (22% ; 49%), а во Финска 19 (37% ; 56%). Трета група земји се оние каде и претходно песимизмот опфаќал значителен дел од јавноста, а во најновото истражување уште повеќе се зголемил и зафатил големо мнозинство од граѓаните. Во Холандија, на пример, бројот на песимистите се зголемил за 20 процентни поени (44% ; 64%), во Германија за 13 (40% ; 57%) и во Ирска за 12 (57% ; 69%) – оваа земја сега е на врвот на листата на песимистички расположени земји.

- На планот на краткорочните очекувања за финансиската ситуација во семејството, глобалната финансиска криза остварила многу послабо негативно влијание врз јавноста. Бројот на анкетираните кои очекуваат влошување на финансиската ситуација во семејството, во земјите на ЕУ27, во просек, се зголемил за два процентни поени (25% ; 27%), исто како и на оние кои не очекуваат промени (50% ; 52%), кои се и најбројни во просекот на Унијата. За сметка на овие промени, бројот на оптимистите во Унијата се намалил за 4 процентни поени (22% ; 18%).

Во земјава најмногубројни се оние кои не очекуваат промени и нивниот број пораснал од 41% на 44%. Бројот на оптимисти практично не се променил (30% ; 31%) а бројот на песимистите се намалил за 4 процентни поени (26% ; 22%).

- Очекувањата во следните 12 месеци на планот на вработеноста, во земјите на ЕУ27 бројот на песимистите, во просек, се зголемил за 14 процентни поени (39% ; 53%), а бројот на граѓаните кои очекуваат подобрување на тој план се намалил за 8 процентни поени (21% ; 13%). Се намалил и бројот на оние кои не очекуваат промени (34% ; 29%). Помеѓу двете истражувања, во земјава бројот на оние кои очекуваат подобрување на состојбата со вработеноста не се променил (26% ; 26%), а се намалил бројот на песимистите за 4 процентни поени (39% ; 35%), за колку што се зголемил бројот на анкетираните кои и во услови на глобална криза не очекуваат промени на планот на вработеноста (30% ; 34%).

- На планот на личната ситуација со работата, јавноста и во Унијата и во земјава не ги сменила значајно своите погледи помеѓу двете истражувања. Во Унијата, мнозинството анкетирани и натаму не очекуваат промени (61% ; 58%), бројот на оние кои во наредните 12 месеци очекуваат влошување останува мал (10% ; 12%) а секој петти очекува подобрување (20% ; 18%). Во земјава исто така се најбројни оние кои не очекуваат промени – нивниот број помеѓу двете истражувања се намалил за 4 процентни поени (49% ; 45%), а односот помеѓу оптимистите (25% ; 25%) и песимистите (20% ; 21%) не се променил.

- На планот на економската ситуација во ЕУ, во земјите на ЕУ27, во просек, драстично се зголемил бројот на граѓаните кои очекуваат влошување во економијата на ЕУ од 26% на 41%. За сметка на тоа, бројот на оние кои не очекуваат промени се намалил за 7 процентни поени (38% ; 31%), а на оние кои немаат определен одговор на ова прашање за 6 процентни поени (18% ;12%). Новонастанатата ситуација, во која станува јасно дека и Унијата е зафатена со глобалната финансиска криза, придонесува во јавноста на Унијата да се искристализира сликата за последиците од кризата. Во истиот период, во земјава се намалил бројот на граѓаните кои се оптимисти во однос на европската економија за 5 процентни поени (42% ; 37%), за колку што се зголемиле песимистите (13% ; 18%). Бројот на оние кои не очекуваат промени (27% ; 26%) и оние кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (18% ; 19%) практично не се променил. Релативно големиот број неопределени по ова прашање индицира дека кај значително голем дел од домашната јавност сликата за последиците од глобалната криза се уште не е искристализирана.

- На планот на економската ситуација во светот, најновото истражување на Евробарометарот[10] покажува дека во земјите на ЕУ27 доминираат очекувања за влошување на светската економија во следната година (49%), што е за три пати повеќе од оптимизмот во однос на светската економија (15%). Во Хрватска 42% се песимисти наспрема 16% оптимисти, што е многу слично на ситуацијата во Турција - 44% песимисти наспрема 17% оптимисти. Во земјава, оптимистите (31%) преовладуваат над песимистите (24%). И во земјава и во Турција секој петти анкетиран (20%) немал определен одговор за ова прашање, а во ЕУ и Хрватска тој број е значително помал (11% односно 12%).

[10] Ова прашање не беше поставено во претходниот Евробарометар

- На планот на еколошката состојба во земјата, во домашната јавност доминираат очекувањата за подобрување во наредната година (39%). Помалку се присутни очекувањата дека ќе нема промени (30%), а најмалку анкетирани очекуваат влошување (23%). Во земјите на ЕУ27, во просек, речиси половината од анкетираните не очекуваат промени (46%), 27% очекуваат влошување, а секој петти очекува подобрување (21%) на овој план.

## 4.2. Долгорочни очекувања

- **Долгорочните очекувања без промени**

**Табела 11**

| **QA22** Општо земено, дали сметате дека животот на оние кои се денес деца ќе биде полесен или потежок од животот на луѓето од Вашата генерација? | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Полесен | 17% | 16% | 37% | 37% | 24% | 21% | 27% | 26% |
| Потежок | 61% | 62% | 37% | 38% | 52% | 55% | 60% | 60% |
| Ниту полесен, ниту потежок | 18% | 18% | 21% | 21% | 20% | 19% | 10% | 10% |
| Не знае | 4% | 4% | 5% | 4% | 4% | 5% | 3% | 4% |

Очекувањата на граѓаните на подолг рок може да се проценуваат врз основа на проекциите на денешните возрасни генерации за тоа каков ќе им биде животот на оние кои денес се деца. Резултатите од истражувањата покажуваат дека, во просек, долгорочните очекувања на граѓаните во Унијата се сосема малку променети. Тоа значи дека перцепцијата на долгорочната иднина кај Европејците е конзистентна. Мнозинството граѓани во Унијата во непроменет број очекуваат иднината на денешните деца да биде потешка (61% ; 62%), над три пати помалку граѓани со оптимизам гледаат на долгорочната иднина (17% ; 16%), речиси исто толку сметаат дека таа нема да биде ниту полесна ниту потешка (18% ; 18%), а само 4% и во двете последни истражувања не знаеле да одговорат на ова прашање. Домашната јавност е поделена во однос на очекувањата од иднината на денешните деца. По 37% во последните две истражувања сметале дека ќе им биде полесна отколку на возрасните денес, додека 37%, односно 38%, сметале дека децата ќе имаат потешка иднина. Непроменет е бројот и на оние кои мислат дека иднината на денешните деца нема да биде ниту полесна ниту потешка (21%), а само мал број анкетирани не знаеле да одговорат (5% ; 4%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава поголема загриженост за иднината на децата покажуваат жените (41%) во однос на мажите (35%). Помладите се далеку помалку загрижени (27%) во споредба со возрасната популација на возраст од 55 години и повеќе (49%). Според занимањето, најзагрижени се пензионерите (52%), менаџерите (45%) и домаќинките (40%), а најмалку студентите (32%). На погледите кон иднината имаат влијание и тешкотиите со кои граѓаните денес се соочуваат. На иднината на денешните деца во поголем број со загриженост гледаат анкетираните во семејствата кои имаат тешкотии со плаќање на сметките (39%), а за 5

процентни поени помалку (34%) анкетираните во семејствата кои немаат такви тешкотии.

### 4.3. Подобра иднина на младите - каде?

**• Од сите земји опфатени со Евробарометарот, во земјава најмногу анкетирани се согласиле дека децата што живеат во земјава би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава**

**Табела 12**

| **QA23** Ве молам да ми кажете дали повеќе се сложувате или не се сложувате со изјава: Децата кои живеат во нашата земја би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава? | Eb 70.1 есен 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕУ27** | **МК** | **HR** | **TR** |
| Би се согласил | 25% | 59% | 34% | 37% |
| Не би се согласил | 50% | 25% | 43% | 41% |
| Зависи | 19% | 13% | 16% | 14% |
| Не знае | 6% | 3% | 7% | 8% |

Најновиот Евробарометар покажува дека мнозинството анкетирани во земјава (59%) сметаат дека децата што живеат во земјава би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава, а повеќе од двојно помалку (25%) не се согласуваат со ваквото мислење. Околу 13% спонтано одговориле дека тоа зависи од конкретна ситуација, а 3% кажале дека не знаат.

Во другите две земји-кандидатки значително помалку анкетирани сметаат дека децата би имале подобар живот доколку би емигрирале во друга земја (37% во Турција и 34% во Хрватска). Во земјите на ЕУ27, во просек, секој четврти анкетиран (25%) се согласува дека емигрирањето од земјата за децата би значело подобар живот, а 50% во Унијата не се согласуваат со тоа. Околу 19% сметаат дека тоа би зависело од специфична ситуација и 6% одговориле дека не знаат. Во Унијата, најмалку анкетирани кои излезот на младите го гледаат во емигрирањето има во Финска 3%, Данска 4%, Австрија 6%, Холандија (7%) и Луксембург 9%. Далеку над просекот на Унијата се Грција, турскиот дел на Кипар, Португалија и Романија, со по 37%, Бугарија 38%, Полска 40%, Литванија 43% и Обединетото Кралство со 49%.

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава, учениците и студентите во најголем број (67%) се сложуваат дека ако емигрираат во друга земја младите би имале подобар живот. Таквото мислење го делат и 66% од работниците и 64% од невработените. Во однос на возраста, 63% од лицата помеѓу 15 и 24 години се разочарани од перспективите на младите во земјата во однос на оние на возраст од 55 и повеќе години (53%). Разочараноста е обратнопропорционална со степенот на образование. Најбројни се анкетираните со основно образование кои во емигрирањето гледаат решение

за младите (64%), следуваат оние со средно образование (60%) и оние со повисоко образование (51%). Мнозинството анкетирани во семејствата кои имаат тешкотии со плаќање на сметките (62%) сметаат дека емигрирањето во друга држава би им донело подобар живот, во однос на припадниците на семејства кои немаат такви проблеми (48%). Во зависност од регионот на живеење, најбројни се анкетираните од Пелагонискиот регион (76%) кои сметаат дека емигрирањето на младите би им донело подобар живот, а следуваат жителите на Кумановскиот (63%), Скопскиот (60%) и Повардарскиот регион (59%). Во број помал од просекот во земјава (59%) овој став го имаат анкетираните во Брегалничкиот (57%), Полошкиот (52%) и во Охридскиот регион (51%).

### 4.4. Претставата за појака ЕУ во иднина

**• Претставата за појака Унија се разликува кај јавноста во Унијата и во земјите-кандидатки**

**Табела 13**

| **QA28** Според Вас, кои аспекти треба да ги нагласат европските институции во наредните години, за да се зајакне Европската Унија во иднина? | Eb 70.1 есен 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕУ27** | **МК** | **HR** | **TR** |
| Домашниот пазар | 18% | 26% | 26% | 12% |
| Политиката за култура | 6% | 8% | 3% | 14% |
| Европската надворешна политика | 16% | 25% | 9% | 14% |
| Европската одбранбена политика | 14% | 13% | 8% | 7% |
| Имиграционите прашања | 29% | 17% | 8% | 13% |
| Европската образовна политика | 13% | 8% | 6% | 8% |
| Прашања поврзани со животната околина | 27% | 12% | 14% | 8% |
| Енергетските прашања | 30% | 25% | 18% | 15% |
| Солидарноста со посиромашни региони | 20% | 39% | 39% | 23% |
| Научните истражувања | 15% | 7% | 5% | 7% |
| Социјалните прашања | 27% | 26% | 44% | 11% |
| Борбата против криминалот | 29% | 33% | 49% | 15% |
| Ниеден од овие | 2% | 1% | 1% | 2% |
| Друго | 1% | 1% | 0% | 1% |
| Не знае | 5% | 8% | 7% | 31% |

Анкетираните даваа мислења на кои прашања треба да се посветат институциите на Унијата со цел таа да биде појака во иднина. Во земјите на ЕУ27, анкетираните најчесто ги посочиле енергетските прашања (30%), борбата против криминалот и имиграциските прашања (и двете 29%), како и на социјалните прашања и прашањата поврзани со околината (исто така и двете по 27%). Во земјава најголем број анкетирани сметаат дека институциите треба да се фокусираат на солидарноста со посиромашните региони (39%), на второ место е борбата против криминалот (33%) а следуваат прашањата на домашниот пазар и социјалните прашања (обете 26%). Во Хрватска, во сликата за појака Унија доминира борбата против криминалот (49%), а следуваат социјалните прашања (44%), солидарноста со посиромашните региони (39%) и

домашниот пазар (26%). Во Турција речиси секој трет (31%) не знаел да даде конкретен одговор. Од оние кои одговориле, 23% се фокусирале на солидарноста со посиромашните региони и по 15% на борбата против криминалот и енергетските прашања.

Борбата против криминалот ја чини заедничката нишка во претставата за појака ЕУ и во јавноста на Унијата и во земјите-кандидатки. За останатите прашања приоритетите на јавноста во Унијата се разликуваат од приоритетите на јавноста во земјите-кандидатки. Граѓаните во Унијата ги посочуваат како приоритети енергетските прашања и имиграциските прашања, а во земјите-кандидатки тоа е случај со солидарноста со сиромашните региони и социјалните прашања.

## 5. Ставови кон ЕУ

### 5.1. Имиџот на ЕУ

- **Позитивниот имиџ на ЕУ во опаѓање**

**Графикон 5**




Во изминатите 6 месеци, во периодот помеѓу двата Евробарометра, позитивниот имиџ на Унијата бележи опаѓање. Во земјава, бројот на анкетирани кај кои ЕУ побудува позитивна слика се намалил за 7 процентни поени (67% ; 60%), бројот на оние кај кои побудува негативна слика се зголемил за 4 процентни поени (7% ; 11%), а на оние со неутрална слика за два процентни поени (25% ; 27%). Намалениот позитивен имиџ на ЕУ во земјата е производ на комплексните промени во перцепцијата на Унијата во домашната јавност во насока на намалување на довербата во Унијата, порастпространетото чувство на неприфатеност од ЕУ и опаѓањето на ентузијазмот за приклучување кон Унијата. Слична е ситуацијата и во останатите две земји-кандидатки, каде

позитивниот имиџ на ЕУ опаднал од 32% на 24% во Хрватска и од 49% на 41% во Турција.

Во земјите на ЕУ27, во просек, позитивниот имиџ на Унијата опаднал од 48% на 45%. Во 16 земји-членки, тоа опаѓање е позначително: Белгија (58%;51%), Данска (47%;42%), Грција (48%;41%), Шпанија (59%;51%), Франција и Италија (49%;46%), Ирска (65%;59%) Луксембург (53%;46%), Кипар (58%;50%), Литванија (51%;48%), Унгарија (39%;34%), Полска (58%;54%), Португалија (55%;48%), Финска (34%;28%), Романија (67%;63%) и Обединетото Кралство (29%;26%). Само во две од земјите во Унијата значително се зголемил бројот на граѓани кај кои Унијата побудува позитивна слика - Германија (44%;48%) и Холандија (43%;52%). Во останатите 9 земји позитивниот имиџ на Унијата претрпел сосема мали промени (+/- 2%) или останал непроменет.

Прегледот на линијата на опаѓање на позитивниот имиџ на ЕУ во земјите опфатени со Евробарометарот покажува дека, и покрај опаѓањето на позитивниот имиџ на ЕУ во домашната јавност, земјава заедно со Романија останува на врвот од земјите во кои ЕУ побудува позитивни чувства.

### 5.2. Претставата за ЕУ

**• Перцепцијата на ЕУ во земјите-кандидатки низ призмата на позитивните вредности во опаѓање**

**Табела 14**

| **QA14** Што за вас лично значи Европската Унија? | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Мир | 26% | 27% | 42% | 34% | 24% | 17% | 16% | 14% |
| Економски просперитет | 17% | 17% | 50% | 46% | 23% | 20% | 37% | 32% |
| Демократија | 21% | 21% | 23% | 22% | 22% | 17% | 22% | 13% |
| Социјална заштита | 9% | 9% | 16% | 16% | 10% | 10% | 16% | 17% |
| Слобода да се патува, студира и работи насекаде во ЕУ | 49% | 44% | 60% | 61% | 42% | 34% | 22% | 23% |
| Културна разновидност | 22% | 20% | 10% | 12% | 15% | 12% | 10% | 11% |
| Посилна позиција во светот | 22% | 23% | 16% | 21% | 14% | 11% | 9% | 10% |
| Евро | 35% | 34% | 12% | 13% | 20% | 20% | 10% | 6% |
| Невработеност | 11% | 11% | 8% | 8% | 12% | 10% | 11% | 10% |
| Бирократија | 18% | 17% | 4% | 4% | 9% | 10% | 5% | 2% |
| Залудно трошење пари | 19% | 19% | 3% | 4% | 11% | 13% | 4% | 7% |
| Губење на нашиот културен идентитет | 11% | 11% | 5% | 7% | 22% | 24% | 13% | 19% |
| Повеќе криминал | 15% | 14% | 4% | 7% | 16% | 20% | 3% | 3% |
| Немање доволно контрола на надворешните граници | 18% | 16% | 6% | 5% | 9% | 9% | 4% | 4% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 5% | 1% |
| Не знае | 4% | 4% | 1% | 4% | 5% | 6% | 12% | 18% |

Податоците од најновиот Евробарометар покажуваат дека претставата за Унијата на просечниот граѓанин во земјите на ЕУ27 останала непроменета,

освен што се намалил бројот на анкетираните за кои ЕУ значи слобода на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ (49%;44%). И покрај тоа, таа вредност останува на врвот на листата на позитивни придобивки на Унијата.

Што се однесува до земјите-кандидатки, во периодот меѓу двете последни истражувања, се намалил бројот на граѓани кои ја перципираат Унијата низ призмата на позитивните вредности, а перцепцијата на негативните појави бележи пораст.

На врвот на листата на позитивни вредности кај домашната јавност останува слободата на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ (60% ; 61%), но значително се намалил бројот на анкетираните кои ЕУ ја поврзуваат со економски просперитет (50% ; 46%) и мир (42% ; 34%). Единствената значајна промена на позитивната листа на вредности е зголемувањето за 5 процентни поени (16% ; 21%) на граѓаните кои ЕУ ја поврзуваат со посилна позиција во светот. Поврзувањето на ЕУ со негативни појави (невработеност, бирократија, залудно трошење пари, губење на културниот идентитет, повеќе криминал и немање доволно контрола на надворешните граници) во земјава и натаму е малку изразено и се движи од 5% за немање доволно контрола на надворешните граници до 8% за невработеноста. На негативната листа позначајна промена има единствено кај поврзувањето на Унијата со повеќе криминал (4% ; 7%), но таа останува во зоната на ниско рангирани појави.

Стабилното прво место на слободата на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ на листата вредности со кои граѓаните во земјава ја поврзуваат ЕУ, ги одразува очекувањата на домашната јавност за либерализација на визниот режим со ЕУ.

Кај хрватската јавност, која на вредностите на Унијата исто така гледа од позиција на земја-кандидат, позитивната претстава за Унијата претрпела поголеми промени. Се намалува бројот на Хрватите кои Унијата ја поврзуваат со слободата на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ (42% ; 34%), со мир (24% ; 17%), демократија (22% ; 17%), културна различност (15% ; 12%) и посилна позиција во светот (14% ; 11%), а се зголемил бројот на анкетирани кои Унијата ја поврзуваат со негативни појави: губење на културниот идентитет (22% ; 24%) и повеќе криминал (16% ; 20%).

И во Турција перцепцијата на вредностите на Унијата претрпела промени - се намалил бројот на граѓани кои Унијата ја поврзуваат со демократија (22% ; 13%), економски просперитет (37% ; 32%) и еврото (10% ; 6%). На листата на негативни појави најмногу пораснала загриженоста од губење на културниот идентитет (13% ; 19%).

### 5.3. Понатамошно проширување на ЕУ

**• Поддршката за натамошно проширување на Унијата се намалува**

**Графикон 6**




Поддршката за проширување на ЕУ, меѓу двете последни истражувања, во земјите на ЕУ27, во просек, се намалила за 3 процентни поени (47% ; 44%), противењето на проширувањето пораснало за 4 процентни поени (39% ; 43%), а бројот на оние кои не знаеле како да одговорат се променил за еден процентен поен (14% ; 13%). Спремноста за проширување најмногу спласнала во Грција (62% ; 49%), Бугарија (67% ; 57%), Унгарија (65% ; 55%) и Ирска (46% ; 36%). Единствено во Обединетото Кралство позначајно се зголемила поддршката за проширување - за 4 процентни поени (36% ; 40%).

Поддршката за проширувањето во домашната јавност спласнала за 11 процентни поени (90% ; 79%). Противењето на проширувањето се зголемило за 3 процентни поени (5% ; 8%), а бројот на оние кои не знаеле да одговорот пораснал за 8 процентни поени (5% ; 13%). Овие промени во еден дел се резултат на незадоволство што земјата по 3 години кандидатски статус се уште

не добила датум за отпочнување пристапни преговори. Од друга страна, политичките и стручните дебати за причините за забавеното темпо на приближување на земјата кон Унијата, придонесуваат во одредени делови од јавноста да се зголеми конфузијата околу прашањата поврзани со проширувањето на ЕУ од аспект на постигнувањето на целта за приклучување на земјата во Унијата.

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава кај одредени категории анкетирани во поголем број се намалил позитивниот став кон проширувањето на ЕУ, додека кај други категории анкетирани или нема промени или промените се мали[11].

Резултатите од истражувањето покажуваат дека има категории граѓани со изразито мал отпор кон промена на ставот кон проширување на ЕУ, кај кои во поголем број се намалил позитивниот став кон проширувањето на ЕУ:

Кај домаќинките, поддршката за проширувањето од пролетта до есента 2008 се намалила за 36 процентни поени (94% ; 58%), а бројот на домаќинки кои не знаеле како да одговорат на ова прашање се зголемил за 32 процентни поени (3% ; 35%) Слична промена се забележува и кај анкетираните кои објективно слабо ја познаваат ЕУ - кај нив поддршката се намалила за 30 процентни поени (86% ; 56%), а одговорите "не знам" се зголемиле од 8% на 39%. Ваква промена има и кај анкетираните со пониско образование - поддршката кај нив се намалила од 91% на 71% за сметка на зголемениот број одговори "не знам" (од 3% на 22%).

Граѓани со изразито висок отпор кон промена на ставот кон проширување на ЕУ, кои и понатаму во голем број го поддржуваат проширувањето на ЕУ, се забележува:

Кај младите граѓани (на возраст од 15 до 24) - кај нив поддршката за проширување практично останала иста (85% ; 87%), како и бројот на одговорите "не знам" (6% ; 6%). Кај учениците и студентите поддршката не се менува (86% ; 85%), а само мал дел од нив дале одговори "не знам" (3% ; 7%). И кај менаџерите поддршката е непроменета (90% ; 89%) а бројот на одговори "не знам" останал мал (2% ; 6%).

Во другите две земји–кандидатки атмосферата околу проширувањето е различна. Во Хрватска бројот на поддржувачи пораснал од 51% на 59%, а на скептиците се намалил од 40% на 23%, но и двојно се зголемил бројот на анкетирани кои не знаеле да одговорат на ова прашање (од 9% на 18%). Во Турција се намалува поддршката кон проширувањето (52% ; 45%), но и на скептицизмот (28% ; 21%), а за сметка на тоа се зголемил бројот на одговорите "на знам" од 20% на 34%.

---

[11] Отпорноста на ставот кон промени зависи од степенот на развиеност на когнитивната димензија на ставот (одредена од степенот на информираноста заснована на доволен број релевантни факти). Кај граѓаните кои се подобро информирани ставовите се помалку изложени на влијанијата на различните па и спротивставени гледишта присутни во јавните полемики кои се водат околу прашањата поврзани со проширувањето на ЕУ. Наспроти нив се граѓаните кои се помалку информирани. Во атмосфера исполнета со полемики перцепцијата на проширувањето на ЕУ кај помалку информираните станува нејасна и неизвесна.

### 5.4. Брзината со која се гради ЕУ

**• Граѓаните во земјава најмалку задоволни од резултатите од обединувањето на Европа**

**Табела 15**

| Според вашето мислење,која е моменталната брзина со која се гради Европа? Ве молам погледнете ги следниве бројки. Бројот 1 стои во место. Бројот 7 се движи најбрзо што може.Одберете го она кое според вашето мислење најдобро одговара на брзината со која се гради Европа | Eb 70.1 есен 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕУ27** | **МК** | **HR** | **TR** |
| **QA19a** Просечна моментална брзина со која се гради Европа | 3.9 | 3.8 | 3.7 | 3.5 |
| **QA19b** Просечна брзина со која би сакале да се гради Европа | 4.8 | 6.1 | 4.8 | 5.2 |

Разликата во перцепциите на граѓаните на брзината со која моментално се гради и брзината со која тие посакуваат да се гради Европа, го покажува степенот на задоволството од постигнатото од интегративните процеси во Европа. Помала разлика меѓу моменталната и посакуваната брзина изразува поголем степен на задоволство од резултатите од обединувањето на Европа и обратно - колку е разликата поголема, задоволството од постигнатотото е помало.

На скалата на која 1 означува дека Европа стои во место, а 7 дека се движи најбрзо што може, граѓаните во земјите на ЕУ27, во просек, оценуваат дека моментално Европа се гради со брзина нешто поголема од просечната брзина (3.9), а посакуваат да се гради со брзина од 4.8. Истражувањето покажува дека и во рамките на ЕУ постојат значителни разлики. Во постарите членки (ЕУ15) граѓаните оценуваат дека Европа се гради со брзина од 3.9 степени, а посакуваната брзина е 4.6, што е разлика од 0.7 степени. Оваа близина на постигнатата и посакуваната брзина го изразува задоволството од резултатите од обединувањето на Европа. За разлика од нив, граѓаните во новите членки, НМС12, кои се и земји со понизок степен на економски развој, во просек, оценуваат дека Европа се гради со брзина од 4.0 степени, а посакуваат да се гради со брзина од 5.5 степени. Разликата од 1.5 степени е двојно поголема од просекот во земјите на ЕУ15 и ги изразува повисоките аспирации за обединета Европа во која земјите ќе имаат еднакви можности за развој.

Во земјите–кандидатки, разликата помеѓу постигната и посакуваната брзина е поголема кај јавноста во земјава и во Турција, а во Хрватска е поблиска до просекот на Унијата. Во Хрватска, која е земја-кандидат и веќе ги води преговорите за членство, просечната оценка за брзината со која се гради

Европа е 3.7, а посакуваната брзина е исто колку и во ЕУ (4.8). Во Турција, граѓаните оценуваат дека Европа се гради со брзина 3.5, а посакуваната е поголема за 1.7 степени (5.2). Во домашната јавност разликата е уште поголема - 2.3 степени (постигнатата брзина на скалата е оценета со 3.8, а посакуваната брзина е 6.1).

## 6. Глобализацијата

### 6.1 Глобализацијата - добра можност или закана за земјата?

• **Јавноста во Европа во глобализацијата гледа закана за вработувањата и компаниите**

**Табела 16**

| **QA33a** Кое од следниве две тврдења е најблиску до Вашиот став во поглед на глобализацијата? | ЕУ27 | | МК | | HR | | TR | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 | Eb 69.2 пролет 2008 | Eb 70.1 есен 2008 |
| Глобализацијата претставува добра можност за нашата земја | 39% | 36% | 57% | 38% | 36% | 32% | 25% | 35% |
| Глобализацијата претставува закана за вработувањата и компаниите во нашата земја | 43% | 42% | 21% | 31% | 41% | 49% | 30% | 33% |
| Не знае | 18% | 22% | 22% | 31% | 23% | 19% | 45% | 32% |

Резултатите од пролетното истражување на Евробарометарот 2008 покажаа дека во домашната јавност двојно повеќе граѓани сметаа дека глобализацијата претставува добра можност за земјата (57%), во однос на оние кои сметаа дека глобализацијата претставува закана за вработувањето и компаниите во земјата (21%). Меѓутоа, најновиот Евробарометар покажува дека глобалната финансиска криза битно ги променила погледите на домашната јавност кон глобализацијата. Бројот на анкетирани кои сметаат дека глобализацијата претставува добра можност за земјата опаднал на 38%, а бројот на оние кои ценат дека глобализацијата претставува закана за локалните вработувања и компании се зголемил на 31%. Индикација дека последиците од глобализацијата стануваат се понеизвесни е зголемениот број на анкетираните кои не го знаат одговорот на ова прашање (од 22% на 31%).

Во земјите на ЕУ исто така расте неизвесноста од последиците на глобализацијата. Во земјите на Унијата, во просек, бројот на оние кои не го знаат одговорот на ова прашање се зголемил од 16% на 22%.

Во останатите две земји–кандидатки, неизвесноста од последиците на глобализацијата останува широко распространета, и покрај намалениот број на анкетирани кои не го знаеле одговорот на ова прашање (во Хрватска од 23% на 19%, а во Турција од 45% на 32%.)

Генерален тренд во јавноста на земјите опфатени со Евробарометарот е порастот на загриженоста дека глобализацијата претставува закана за вработувањата и компаниите на сметка на очекувањата дека глобализацијата претставува добра можност за нивните земји.

## Заклучок

Во однос на претходните години, сликата за ЕУ како симбол на економски просперитет и финансиска стабилност бледнее во очите на Европејците. Таква клима кај јавното мислење отсликуваат резултатите од истражувањата, кои покажуваат дека во последните 18 месеци, од пролетта 2007 до есента 2008, бројот на граѓани задоволни од својот живот во земјава опаднал за 3 (66% ; 63%), а во Европската Унија за 4 процентни поени (80% ; 76%).

Двете последни истражувања на Евробарометарот покажуваат дека за половина од граѓаните главен проблем, со кој лично се соочуваат, е порастот на цените и инфлацијата (50% во ЕУ и 47% во земјава). На исто ниво за граѓаните во земјава е и проблемот со невработеноста (47%), додека во ЕУ тоа е проблем на три пати помалку граѓани (14%). Куповната моќ за голем број граѓани се влошува, што генерира незадоволство во јавноста. Потврда за ова се податоците дека се зголемува бројот на семејства кои имаат тешкотии со плаќање на сметките на крајот на месецот. Во земјава, во текот на минатите 6 месеци, бројот на оние кои имаат вакви потешкотии се зголемил од 79% на 82%.

На моменталните потешкотии со кои се соочуваат граѓаните во земјава се надоврзува и песимизмот во однос на краткорочните очекувања. Во периодот меѓу двата Евробарометра, бројот на оние кои очекуваат нивниот живот генерално да биде подобар во следните 12 месеци, се намалил за 5 процентни поени (од 40% на 35%). Вакви тенденции се присутни и во Унијата (32% ; 24%) и во другите две земји–кандидатки, Хрватска (31% ; 23%) и Турција (25% ; 24%).

Перцепцијата на условите за живеење во земјите-кандидатки граѓаните во овие земји ги прави понезадоволни од граѓаните во Унијата. Од областите во секојдневното живеење, од кои мнозинството граѓани во земјава се незадоволни (т.е. ги оцениле како лоши), на прво место се трошоците за живот (92%) а на второ е цената на енергијата (88%). Од трошоците за живот назадоволни се во Хрватска 94%, во Турција 85%, а во ЕУ 78%. Од цената на енергијата незадоволни се во Турција 76%, а во Хрватска и во ЕУ 69%.

Од сите земји опфатени со Евробарометарот, во домашната јавност најголем е бројот (59%) на оние кои се согласуваат дека децата што живеат во земјава би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава. Со оваа теза во најголем број се согласуваат учениците и студентите (67%).

Домашната јавност останува фокусирана на невработеноста (60%) и економската ситуација (41%) како главни проблеми во земјава. Но на овие проблеми упорно им се “придружува” и порастот на цените и инфлацијата (31%). Во пролетта 2007, овој проблем како главен го гледале само 7% од анкетираните, а сега тоа е случај со секој трет граѓанин.

Довербата во меѓународните институции кај домашната јавност се намалува, но се уште е поголема отколку во националните институции. Довербата во минатите шест месеци најмногу се намалила во ЕУ - за 13 процентни поени (64% ; 51%).

Владата се наоѓа на четврто место на листата на доверба на домашната јавност, но е на прво место според довербата во националните институции. На Владата се склони да и веруваат 39% анкетирани, или еден процентен поен помалку во однос на истражувањето спроведено пред половина година (40%).

Погледите на јавноста кон членството во ЕУ се менуваат - јавноста е се понезадоволна. Во периодот меѓу пролетниот и есенскиот Евробарометар 2008, бројот на анкетираните кои сметаат дека членството на земјата во ЕУ би било добра работа, опаднал за 10 процентни поени (од 72% на 62%). Во домашната јавност, во текот на изминатите 6 месеци, за 8 процентни поени се намалил и бројот на граѓани кои очекува придобивки од зачленувањето на земјата во ЕУ (82%;74%). Овие промени го изразуваат незадоволството кај граѓаните од забавеното темпо на приближување на земјата кон ЕУ - и по три години кандидатски статус, земјата се уште нема добиено датум за отпочнување преговори за членство во ЕУ.

Забавеното темпо на приближување кон ЕУ кај голем дел од јавноста во земјава предизвикува чувство на неприфатеност од ЕУ - 61% од граѓаните во земјава сметаат дека ЕУ не ги зема предвид интересите на земјата. Таков став за интересите на нивните земји имаат и мнозинството граѓани во Хрватска (54%) и Турција (55%). Во земјите на Унијата, во просек, секој трет (31%) гледа така на односот на Унијата кон интересите на неговата земја.

Во изминатите 6 месеци, позитивниот имиџ на Унијата се намалува. Во домашната јавност бројот на анкетирани кај кои ЕУ побудува позитивна слика се намалил за 7 процентни поени (67%; 60%)

Поддршката за натамошно проширување на Унијата, помеѓу двете последни истражувања, кај домашната јавност се намалила за 11 процентни поени (90%;79%). Овие промени се делумно манифестација на незадо волството што земјата се уште не добила датум за отпочнување преговори за членство во Унијатата. Од друга страна, политичките и стручните дебати за причините на забавеното темпо на приближување на земјата во Унијата придонесуваат кај одредени делови од јавноста да се зголеми конфузијата околу прашањата поврзани со проширувањето на ЕУ

Најновиот Евробарометар покажува дека глобалната финансиска криза битно ги променила погледите кон глобализацијата во домашната јавност. Бројот на анкетираните кои сметаат дека глобализацијата претставува добра можност за земјата опаднал од 57% на 38%, а се зголемил на оние кои сметаат дека глобализацијата претставува закана за вработувањата и компаниите во земјата од 21% на 31%. Индикација дека последиците од глобализацијата стануваат се понеизвесни е зголемениот број на анкетираните кои не го знаат одговорот на ова прашање од 22% на 31%.

## Технички спецификации

# EUROBAROMETER 70.1
# TECHNICAL SPECIFICATIONS

Between the 6th of October and the 6th of November 2008, TNS Opinion & Social, a consortium created between Taylor Nelson Sofres and EOS Gallup Europe, carried out wave 70.1 of the EUROBAROMETER, on request of the EUROPEAN COMMISSION, Directorate-General for Communication, “Research and Political Analysis”.

The EUROBAROMETER 70.1 covers the population of the respective nationalities of the European Union Member States, resident in each of the Member States and aged 15 years and over. The EUROBAROMETER 70.1 has also been conducted in the three candidate countries (Croatia, Turkey and the Former Yugoslav Republic of Macedonia) and in the Turkish Cypriot Community. In these countries, the survey covers the national population of citizens and the population of citizens of all the European Union Member States that are residents in these countries and have a sufficient command of the national languages to answer the questionnaire. The basic sample design applied in all states is a multi-stage, random (probability) one. In each country, a number of sampling points was drawn with probability proportional to population size (for a total coverage of the country) and to population density.

In order to do so, the sampling points were drawn systematically from each of the "administrative regional units", after stratification by individual unit and type of area. They thus represent the whole territory of the countries surveyed according to the EUROSTAT NUTS II (or equivalent) and according to the distribution of the resident population of the respective nationalities in terms of metropolitan, urban and rural areas. In each of the selected sampling points, a starting address was drawn, at random. Further addresses (every Nth address) were selected by standard "random route" procedures, from the initial address. In each household, the respondent was drawn, at random (following the "closest birthday rule"). All interviews were conducted face-to-face in people's homes and in the appropriate national language. As far as the data capture is concerned, CAPI (*Computer Assisted Personal Interview)* was used in those countries where this technique was available.

| ABBREVIATIONS | COUNTRIES | INSTITUTES | N° INTERVIEWS | FIELDWORK DATES | | POPULATION 15+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| BE | Belgium | TNS Dimarso | 1.002 | 10/10/2008 | 06/11/2008 | 8.786.805 |
| BG | Bulgaria | TNS BBSS | 1.006 | 09/10/2008 | 20/10/2008 | 6.647.375 |
| CZ | Czech Rep. | TNS Aisa | 1.026 | 06/10/2008 | 22/10/2008 | 8.571.710 |
| DK | Denmark | TNS Gallup DK | 1.029 | 06/10/2008 | 02/11/2008 | 4.432.931 |
| DE | Germany | TNS Infratest | 1.526 | 10/10/2008 | 02/11/2008 | 64.546.096 |
| EE | Estonia | Emor | 1.000 | 10/10/2008 | 03/11/2008 | 887.094 |
| EL | Greece | TNS ICAP | 1.000 | 10/10/2008 | 02/11/2008 | 8.691.304 |
| ES | Spain | TNS Demoscopia | 1.000 | 09/10/2008 | 06/11/2008 | 38.536.844 |
| FR | France | TNS Sofres | 1.027 | 06/10/2008 | 31/10/2008 | 46.425.653 |
| IE | Ireland | TNS MRBI | 1.000 | 06/10/2008 | 31/10/2008 | 3.375.399 |
| IT | Italy | TNS Infratest | 1.061 | 08/10/2008 | 24/10/2008 | 48.892.559 |
| CY | Rep. of Cyprus | Synovate | 503 | 08/10/2008 | 02/11/2008 | 638.900 |
| CY(tcc) | Turkish Cypriot Comm. | KADEM | 500 | 07/10/2008 | 27/10/2008 | 143.226 |
| LV | Latvia | TNS Latvia | 1.002 | 10/10/2008 | 04/11/2008 | 1.444.884 |
| LT | Lithuania | TNS Gallup Lithuania | 1.011 | 09/10/2008 | 28/10/2008 | 2.846.756 |
| LU | Luxembourg | TNS ILReS | 500 | 06/10/2008 | 03/11/2008 | 388.914 |
| HU | Hungary | TNS Hungary | 1.002 | 10/10/2008 | 02/11/2008 | 8.320.614 |
| MT | Malta | MISCO | 500 | 09/10/2008 | 03/11/2008 | 335.476 |
| NL | Netherlands | TNS NIPO | 1.041 | 09/10/2008 | 05/11/2008 | 13.017.690 |
| AT | Austria | Österreichisches Gallup-Institut | 1.003 | 06/10/2008 | 28/10/2008 | 7.004.205 |
| PL | Poland | TNS OBOP | 1.000 | 11/10/2008 | 31/10/2008 | 32.155.805 |
| PT | Portugal | TNS EUROTESTE | 1.000 | 11/10/2008 | 03/11/2008 | 8.080.915 |
| RO | Romania | TNS CSOP | 1.053 | 07/10/2008 | 03/11/2008 | 18.246.731 |
| SI | Slovenia | RM PLUS | 1.006 | 07/10/2008 | 04/11/2008 | 1.729.298 |
| SK | Slovakia | TNS AISA SK | 1.006 | 09/10/2008 | 26/10/2008 | 4.316.438 |
| FI | Finland | TNS Gallup Oy | 1.004 | 15/10/2008 | 06/11/2008 | 4.353.495 |
| SE | Sweden | TNS GALLUP | 1.002 | 13/10/2008 | 03/11/2008 | 7.562.263 |
| UK | United Kingdom | TNS UK | 1.308 | 07/10/2008 | 02/11/2008 | 50.519.877 |
| HR | Croatia | Puls | 1.000 | 08/10/2008 | 29/10/2008 | 3.734.300 |
| TR | Turkey | TNS PIAR | 1.003 | 08/10/2008 | 05/11/2008 | 47.583.830 |
| MK | Former Yugoslav Rep. of Macedonia | TNS Brima | 1.009 | 07/10/2008 | 16/10/2008 | 1.648.012 |
| TOTAL | | | 30.130 | 06/10/2008 | 06/11/2008 | 453.865.399 |

For each country a comparison between the sample and the universe was carried out. The Universe description was derived from Eurostat population data or from national statistics offices. For all countries surveyed, a national weighting procedure, using marginal and intercellular weighting, was carried out based on this Universe description. In all countries, gender, age, region and size of locality were introduced in the iteration procedure. For international weighting (i.e. EU averages), TNS Opinion & Social applies the official population figures as provided by EUROSTAT or national statistic offices. The total population figures for input in this post-weighting procedure are listed above.

Readers are reminded that survey results are estimations, the accuracy of which, everything being equal, rests upon the sample size and upon the observed percentage. With samples of about 1,000 interviews, the real percentages vary within the following confidence limits:

| **Observed percentages** | 10% or 90% | 20% or 80% | 30% or 70% | 40% or 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Confidence limits** | ± 1.9 points | ± 2.5 points | ± 2.7 points | ± 3.0 points | ± 3.1 points |

| | |
|---|---|
| **Прашалник** | |
| QA1 | Кога сте со Вашите пријатели, дали би рекле дека разговарате за политички прашања често, понекогаш или никогаш? |

**(211)**

| | |
|---|---|
| Често | 1 |
| Понекогаш | 2 |
| Никогаш | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB69.2 QA1

| | |
|---|---|
| QA2 | Кога сте во нешто цврсто убедени, дали понекогаш ги убедувате своите пријатели, роднини или колеги да го прифатат Вашиот став? Дали тоа се случува ...? |

(ПРОЧИТАЈТЕ)

**(212)**

| | |
|---|---|
| Често | 1 |
| Одвреме-навреме | 2 |
| Ретко | 3 |
| Никогаш | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

EB69.2 QA2

| | |
|---|---|
| QA3 | Општо земено, дали сте многу задоволни, донекаде задоволни, донекаде незадоволни или воопшто незадоволни со животот кој го живеете? |

(ПРОЧИТАЈТЕ)

**(213)**

| | |
|---|---|
| Многу задоволни | 1 |
| Донекаде задоволни | 2 |
| Донекаде незадоволни | 3 |
| Воопшто незадоволни | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

EB69.2 QA3

*

| | |
|---|---|
| QA4a | Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните работи? |

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Многу добра | Донекаде добра | Донекаде лоша | Многу лоша | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (214) | 1 | Ситуацијата на домашната економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (215) | 2 | Ситуацијата на европската економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (216) | 3 | Економската состојба во светот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (217) | 4 | Вашата лична ситуација во врска со работата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (218) | 5 | Финансиската ситуација во Вашето домаќинство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (219) | 6 | Ситуацијата со вработеноста во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (220) | 7 | Ситуацијата со животната средина во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| QA5a | Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните работи? |
|---|---|

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Многу добра | Донекаде добра | Донекаде лоша | Многу лоша | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (228) | 1 | Областа во која живеете | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (229) | 2 | Обезбедувањето здравствена заштита во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (230) | 3 | Обезбедувањето пензии во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (231) | 4 | Социјалната помош за невработени лица во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (232) | 5 | Трошоците за живот во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (233) | 6 | Односите во земјата помеѓу луѓето од различни култури, вери и националности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (234) | 7 | Начинот на кој се справува со нееднаквостите и сиромаштијата во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (235) | 8 | Цените на | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | енергијата во земјата | | | | | |
| (236) | 9 | Цените за станување во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (237) | 10 | Начинот на кој работи јавната администрација во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| QA6a | Какви се Вашите очекувања за следните 12 месеци: дали во следните 12 месеци ќе биде подобро, полошо или исто, кога станува збор за ...? |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Подобро | Полошо | Исто | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (248) | 1 | Вашиот живот воопшто | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (249) | 2 | Економската ситуација во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (250) | 3 | Финансиската ситуација во Вашето домаќинство | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (251) | 4 | Состојбата со вработеноста во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (252) | 5 | Вашата лична ситуација во врска со работата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (253) | 6 | Економската ситуација во ЕУ | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (254) | 7 | Економската состојба во светот | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (255) | 8 | Еколошката состојба во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 |

| QA7a | За секоја од следните области, дали би рекле дека ситуацијата во земјата е подобра или помалку добра од просекот на европските земји? |
|---|---|

(ШОУКАРТА СО СКАЛА - ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ) | Многу подобра | Донекаде подобра | Донекаде помалку добра | Дефинитивно помалку добра | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (264) | 1 | Ситуацијата на домашната економија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (265) | 2 | Ситуацијата со вработеноста во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (266) | 3 | Трошоците за живот во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (267) | 4 | Цените за енергија во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| (268) | 5 | Квалитетот на | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | живот во земјата | | | | | |
| (269) | 6 | Ситуацијата со животната средина во земјата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| QA8a | Според Вас, кои се двате најважни прашања со кои земјата се соочува во овој момент? |
|---|---|

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - НАЈМНОГУ 2 ОДГОВОРИ)

| | (276-291) |
|---|---|
| Криминалот | 1, |
| Економската ситуација | 2, |
| Пораст на цените / инфлацијата | 3, |
| Оданочувањето | 4, |
| Невработеноста | 5, |
| Тероризмот | 6, |
| Одбраната \ Надворешните работи | 7, |
| Станбеното прашање | 8, |
| Имиграцијата | 9, |
| Здравствениот систем | 10, |
| Образовниот систем | 11, |
| Пензиите | 12, |
| Заштитата на животната средина | 13, |
| Прашањата поврзани со енергијата | 14, |
| Друго (СПОНТАНО) | 15, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 16, |

EB69.2 QA6a

| QA8b | И лично, кои се двата најважни проблеми со кои се соочувате во моментов? |
|---|---|

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - НАЈМНОГУ 2 ОДГОВОРИ)

| | (292-307) |
|---|---|
| Криминалот | 1, |
| Економската ситуација | 2, |
| Порастот на цените / инфлацијата | 3, |
| Оданочувањето | 4, |
| Невработеноста | 5, |
| Тероризмот | 6, |
| Одбраната \ Надворешните работи | 7, |
| Станбеното прашање | 8, |
| Имиграцијата | 9, |
| Здравствениот систем | 10, |
| Образовниот систем | 11, |
| Пензиите | 12, |
| Заштитата на животната средина | 13, |
| Прашањата поврзани со енергијата | 14, |
| Друго (СПОНТАНО) | 15, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 16, |

EB69.2 QA8a

ПРАШАЈТЕ QA9b и QA10b САМО ВО  ЗЕМЈАТА, ТУРЦИЈА И ХРВАТСКА

| | |
|---|---|
| QA9b | Општо земено, дали сметате дека членството на  земјата во Европската Унија би било ...? |

(ПРОЧИТАЈТЕ)

| | (342) |
|---|---|
| Добра работа | 1 |
| Лоша работа | 2 |
| Ниту добра, ниту лоша работа | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB69.2 QA7b

| | |
|---|---|
| QA10b | Имајќи ги предвид сите работи, дали би рекле дека  земјата би имала корист или би немала корист од членството во Европската Унија? |

| | (343) |
|---|---|
| Би имала корист | 1 |
| Би немала корист | 2 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 3 |

| | |
|---|---|
| QA11a | Во овој момент, дали би рекле дека, општо земено работите одат во правилна насока или во погрешна насока во...? |

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Правилна насока | Погрешна насока | Ниту едното, ниту другото (СПОНТАНО) | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (346) | 1 | Нашата земја | 1 | 2 | 3 | 4 |
| (347) | 2 | Европската Унија | 1 | 2 | 3 | 4 |

EB69.2 QA11a

*

| | |
|---|---|
| QA12 | Би сакал(а) да Ве прашам колку им верувате на одредени институции. За секоја од следните институции, кажете ми дали сте склони да и верувате или сте склони да не и верувате. |

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Склони да верувате | Склони да не верувате | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (350) | 1 | Правосудството / Правниот систем во земјата | 1 | 2 | 3 |
| (351) | 2 | Политичките партии | 1 | 2 | 3 |
| (352) | 3 | Регионални или локални власти | 1 | 2 | 3 |
| (353) | 4 | Владата | 1 | 2 | 3 |
| (354) | 5 | Парламентот | 1 | 2 | 3 |
| (355) | 6 | Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (356) | 7 | Обединетите Нации | 1 | 2 | 3 |
| (357) | 8 | НАТО | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA12 TREND MODIFIED

ПРАШАЈТЕ ГИ СИТЕ

QA13 Општо земено, дали Европската Унија кај Вас буди многу позитивна, донекаде позитивна, неутрална, донекаде негативна или многу негативна слика?

| | (358) |
|---|---|
| Многу позитивна | 1 |
| Донекаде позитивна | 2 |
| Неутрална | 3 |
| Донекаде негативна | 4 |
| Многу негативна | 5 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 6 |

EB69.2 QA13

QA14 Што за Вас лично значи Европската Унија?

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ - РОТИРАЈТЕ ОД ГОРЕ НАДОЛУ / ОД ДОЛУ НАГОРЕ)

| | (359-374) |
|---|---|
| Мир | 1, |
| Економски просперитет | 2, |
| Демократија | 3, |
| Социјална заштита | 4, |
| Слобода да се патува, студира и работи насекаде во ЕУ | 5, |
| Културна разноликост | 6, |
| Посилна позиција во светот | 7, |
| Евро | 8, |
| Невработеност | 9, |
| Бирократија | 10, |
| Залудно трошење пари | 11, |
| Губење на нашиот културен идентитет | 12, |
| Повеќе криминал | 13, |
| Немање доволно контрола на надворешните граници | 14, |

| | |
|---|---|
| Друго (СПОНТАНО) | 15, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 16, |

EB69.2 QA14

ВО ЗЕМЈАТА, ХРВАТСКА И ТУРЦИЈА ПРАШАЈТЕ ГИ САМО ОДГОВОРИТЕ 3,4,5,6,8,9,10 и 11

| QA15a | Кажете ми за секоја изјава, дали би сте се согласиле или не би се согласиле? |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Би се согласиле | Не би се согласиле | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (377) | 3 | Мојот глас значи нешто во Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (378) | 4 | Мојот глас се зема предвид во земјата | 1 | 2 | 3 |
| (379) | 5 | Го разбирам начинот на кој функционира Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (380) | 6 | Гласот на нашите граѓани се зема предвид во ЕУ | 1 | 2 | 3 |
| (382) | 8 | Европската Унија ги наметнува своите гледишта на нашата земја | 1 | 2 | 3 |
| (383) | 9 | Домашната Влада е чувствителна на прашањата поврзани со граѓаните во земјата | 1 | 2 | 3 |
| (384) | 10 | ЕУ е чувствителна на прашањата поврзани со нашите граѓани | 1 | 2 | 3 |
| (385) | 11 | Владата е чувствителна на прашањата поврзани со европските граѓани | 1 | 2 | 3 |

| QA16 | Дали сте чуле за...? |
|---|---|

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Да | Не | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (391) | 1 | Европскиот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (392) | 2 | Европската Комисија | 1 | 2 | 3 |
| (393) | 3 | Советот на Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (394) | 4 | Европската Централна банка | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA16

| QA17 | А за секое од следните Европски тела, дали мислите дека играат важна улога или не играат важна улога во животот на Европската Унија? |
|---|---|

| | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Важна | Неважна | Не |
|---|---|---|---|---|

| | | | | знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (395) | 1 | Европскиот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (396) | 2 | Европската Комисија | 1 | 2 | 3 |
| (397) | 3 | Советот на Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (398) | 4 | Европската Централна Банка | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA17

| | |
|---|---|
| QA18 | А за секое од нив, Ве молам наведете дали сте склони да му верувате или сте склони да не му верувате? |

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ) | Склони да верувате | Склони да не верувате | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (399) | 1 | Европскиот Парламент | 1 | 2 | 3 |
| (400) | 2 | Европската Комисија | 1 | 2 | 3 |
| (401) | 3 | Советот на Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (402) | 4 | Европската Централна банка | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA18

| | |
|---|---|
| QA19a | Според вашето мислење, која е моменталната брзина со која се гради Европа? Ве молам погледнете ги следниве бројки. Бр.1 е стои во место, Бр.7 е се движи најбрзо што може. Одберете го она кое според вашето мислење најдобро одговара на брзината со која се |
| QA19b | И кое е најсоодветно за брзината која вие ја посакувате? |

(ШОУКАРТА СО СКАЛА)

| | (403) | (404) |
|---|---|---|
| ПРОЧИТАЈТЕ | QA19a | QA19b |
| | МОМЕНТАЛНА БРЗИНА | ПОСАКУВАНА БРЗИНА |
| Стои во место | 1 | 1 |
| | 2 | 2 |
| | 3 | 3 |
| | 4 | 4 |
| | 5 | 5 |
| | 6 | 6 |
| Се движи најбрзо што може | 7 | 7 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 8 | 8 |

EB66.1 QA13a&b

| QA20 | Размислувајќи за Вашата куповна моќ, односно за работите кои Вашето домаќинство може да ги дозволи во Вашиот секојдневен живот, ако ја споредите Вашата сегашна ситуација со онаа од пред пет години, дали би рекле дека ситуацијата се подобрила, останала ист |
|---|---|

(ШОУКАРТА - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | (405) |
|---|---|
| Се подобрила | 1 |
| Останала иста | 2 |
| Се влошила | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB69.2 QA27

| QA21 | Кажете ми до кој степен се согласувате или не се согласувате со следната изјава: Имате потешкотии да ги платите сите сметки на крајот на месецот |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | (406) |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 1 |
| Склон да се согласувам | 2 |
| Склон да не се согласувам | 3 |
| Потполно не се согласувам | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

EB69.2 QA28

| QA22 | Општо земено, дали сметате дека животот на оние кои се денес деца ќе биде полесен, потежок или ниту полесен ниту потежок од животот на луѓето од вашата генерација? |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | (407) |
|---|---|
| Полесен | 1 |
| Потежок | 2 |
| Ниту полесен ниту потежок | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB69.2 QA29

| QA23 | Ве молам да ми кажете дали повеке се сложувате или не се сложувате со следниве изјави. Децата кои живеат во  земјата би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава. |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ)

**(408)**

| | |
|---|---|
| Би се согласиле | 1 |
| Не би се согласиле | 2 |
| Зависи (СПОНТАНО) | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

NEW

QA24 Кажете ми за секоја од следните изјави за Европската Унија дали сметате дека е точна или погрешна?

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ) | Точно. | Погрешно. | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (409) | 1 | Во моментнов ЕУ се состои од петнаесет земји членки | 1 | 2 | 3 |
| (410) | 3 | На секои шест месеци, друга земја членка станува Претседател на Советот на Европската Унија | 1 | 2 | 3 |
| (411) | 4 | Областа каде се користи еврото моментално се состои од дванаесет земји членки | 1 | 2 | 3 |
| (412) | 2 | Швајцарија е членка на Европската Унија | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA34 (ITEMS' SEQUENCE MODIFIED + ROTATE ADDED)

*

QA27 Кое е Вашето мислење за секоја од следните изјави? Кажете ми за секоја изјава дали сте за или против.

| | | (ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ) | За | Против | Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|
| (433) | 1 | Европската Монетарна Унија со една, единствена валута, еврото | 1 | 2 | 3 |
| (434) | 2 | Заедничка надворешна политика на земјите членки на ЕУ кон другите земји | 1 | 2 | 3 |
| (435) | 3 | Заедничка одбранбена и безбедносна политика на земјите членки на ЕУ | 1 | 2 | 3 |
| (436) | 4 | Понатамошно проширување на ЕУ за да се вклучат и други земји во наредните години | 1 | 2 | 3 |
| (437) | 5 | Брзината на градење на Европа е поголема во една група земји, а помала во другите земји | 1 | 2 | 3 |

EB69.2 QA37 (ITEMS 1-4) - EB68.1 QA22 (ITEM 5)

| QA28 | Европската интеграција се фокусираше на различни прашања во изминатите години. Според Вас, кои аспекти треба да ги нагласат европските институции во наредните години, за да се зајакне Европската Унија во иднина? |
|---|---|

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - РОТИРАЈТЕ - НАЈМНОГУ 3 ОДГОВОРИ)

| | **(438-452)** |
|---|---|
| Домашниот пазар | 1, |
| Политиката за култура | 2, |
| Европската надворешна политика | 3, |
| Европската одбранбена политика | 4, |
| Имиграционите прашања | 5, |
| Европската образовна политика | 6, |
| Прашањата поврзани со животната околина | 7, |
| Енергетските прашања | 8, |
| Солидарноста со посиромашни региони | 9, |
| Научните истражувања | 10, |
| Социјалните прашања | 11, |
| Борбата против криминалот | 12, |
| Ниеден од овие (СПОНТАНО) | 13, |
| Друго (СПОНТАНО) | 14, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 15, |

| QA33a | Кое од следните две тврдења е најблиску до Вашиот став во поглед на глобализацијата? |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | **(457)** |
|---|---|
| Глобализацијата претставува добра можност за земјата | 1 |
| Глобализацијата претставува закана за вработувањата и компаниите во земјата | 2 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 3 |

ПРАШАЈТЕ QA34a ДО SPLIT A - SPLIT B ОДАТ НА QA34b

| QA34a | До кој степен се согласувате или не се согласувате со следното: Европската Унија ни помага да се заштитиме од негативните ефекти на глобализацијата. |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | **(459)** |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 1 |
| Склон да се согласувам | 2 |
| Склон да не се согласувам | 3 |
| Потполно не се согласувам | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

| |
|---|
| EB69.2 QA49a |

| |
|---|
| ПРАШАЈТЕ QA34b ДО SPLIT B - SPLIT A ОДАТ НА QB1a |

| | |
|---|---|
| QA34b | До кој степен се согласувате или не се согласувате со следното: Европската Унија им овозможува на Европските граѓани да извлечат повеќе корист од позитивните ефекти на глобализацијата. |

(ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | (460) |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 1 |
| Склон да се согласувам | 2 |
| Склон да не се согласувам | 3 |
| Потполно не се согласувам | 4 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 5 |

| |
|---|
| ПРАШАЈТЕ ВО СИТЕ ЗЕМЈИ |

| |
|---|
| ПРАШАЈТЕ D15b АКО ОДГОВОРОТ Е „МОМЕНТАЛНО НЕ РАБОТАМ НИКАКВА РАБОТА КОЈА Е ПЛАТЕНА ", КОДОВИ 1-4 ВО D15a |

| | |
|---|---|
| D15a | Кое е Вашето моментално занимање? |
| D15b | Дали сте работеле некаква платена работа во минатото? Кое Ви е последното занимање? |

| | (722-723) D15a | (724-725) D15b |
|---|---|---|
| | МОМЕНТАЛНО ЗАНИМАЊЕ | ПОСЛЕДНО ЗАНИМАЊЕ |
| НЕАКТИВЕН/НА | | |
| Одговорен/на за вообичаено пазарување и должности во врска со домот, или без моментално занимање, не работи | 1 | 1 |
| Ученик / Студент | 2 | 2 |
| Невработен(а) или моментално не работи | 3 | 3 |
| Пензиониран(а) или неспособен/на да работи поради болест | 4 | 4 |
| САМОВРАБОТЕН(А) | | |
| Земјоделец | 5 | 5 |
| Риболовец | 6 | 6 |
| Професионалец (адвокат, доктор, сметководител, архитект итн.) | 7 | 7 |
| Сопственик на продавница, занаетчија, друго самовработување | 8 | 8 |
| Бизнисмен, сопственик (100% или партнер) на фирма | 9 | 9 |
| ВРАБОТЕН(А) | | |
| Вработен професионалец (вработен доктор, адвокат, сметководител, архитект итн.) | 10 | 10 |
| Генерални директори, директори или дел од највисокиот менаџмент (извршни директори, | 11 | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| генерални директори или други директори) | | |
| Средно ниво на менаџмент, друг менаџмент (раководител на сектор, помлад раководител, наставник, техничар) | 12 | 12 |
| Работно место, работи воглавно во канцеларија | 13 | 13 |
| Работно место, не во канцеларија, туку патува (комерцијалист, возач итн.) | 14 | 14 |
| Работно место, не во канцеларија, туку во услужна работа (болница, ресторан, полиција, противпожарна служба итн.) | 15 | 15 |
| Надзорник | 16 | 16 |
| Квалификуван физички работник | 17 | 17 |
| Друг (неквалификуван) физички работник, послуга | 18 | 18 |
| | | |
| Никогаш не сум работел(а) платена работа | 19 | 19 |

ДЕМОГРАФИЈА

D1 Во политиката се зборува за „левица“ и „десница“. Каде би ги сместиле Вашите лични ставови на оваа скала?

(ШОУКАРТА) - (АНКЕТАР - НЕ ПОТТИКНУВАЈТЕ, АКО СОГОВОРНИКОТ СЕ ДВОУМИ, ОБИДЕТЕ СЕ ПОВТОРНО)

**(977-978)**

| 1 Лево | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 Десно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

| | |
|---|---|
| Одбива (СПОНТАНО) | 11 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 12 |

EB69.2 D1

НЕ ПОСТОЈАТ ПРАШАЊАТА ОД D2 ДО D6

D7 Кое од долунаведените најдобро ја опишува Вашата моментална ситуација?

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

**(979-980)**

| | |
|---|---|
| Во брак | 1 |
| Премажен / преженет | 2 |
| Неженет / немажена, моментално живеете со партнер | 3 |
| Неженет / немажена, никогаш не сте живееле со партнер | 4 |
| Неженет / немажена, порано сте живееле со партнер, но сега сте сами | 5 |
| Разведен / разведена | 6 |
| Разделен / разделена | 7 |
| Вдовец / вдовица | 8 |
| Друго (СПОНТАНО) | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Одбива (СПОНТАНО) | 10 |

EB69.2 D7

| D8 | Колку години имавте кога го завршивте своето вкупно образование? |
|---|---|

(АНКЕТАР: АКО „СЕ УШТЕ СТУДИРА“, КОДИРАЈТЕ ГО ОДГОВОРОТ СО ‘00’ - АКО „НЕМА ОБРАЗОВАНИЕ“ КОДИРАЈТЕ СО '01' - АКО „ОДБИВА" КОДИРАЈТЕ '98' - АКО „НЕ ЗНАЕ" КОДИРАЈТЕ '99')

**(981-982)**

| | |
|---|---|
| | |

EB69.2 D8

НЕ ПОСТОИ ПРАШАЊЕТО D9

| D10 | Пол |
|---|---|

| | **(983)** |
|---|---|
| Машки | 1 |
| Женски | 2 |

EB69.2 D10

| D11 | Колку години имате? |
|---|---|

**(984-985)**

| | |
|---|---|
| | |

EB69.2 D11

НЕ ПОСТОЈАТ ПРАШАЊАТА ОД D12 - D14

ПРАШАЊАТА D15a&b СЕ ПОСТАВУВААТ ПРЕД QB

НЕ ПОСТОЈАТ ПРАШАЊАТА ОД D16 - D24

| D25 | Дали би рекле дека живеете во ...? |
|---|---|

(ПРОЧИТАЈТЕ)

| | **(986)** |
|---|---|
| Рурална област / село | 1 |
| Мал или среден град | 2 |
| Голем град | 3 |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 4 |

EB69.2 D25

НЕ ПОСТОЈАТ ПРАШАЊАТА ОД D26 ДО D39

| D40a | Можете ли да ми кажете колку лица на возраст од 15 години и повеќе живеат во Вашето домаќинство, вклучувајќи Ве и Вас? |
|---|---|

(АНКЕТАР: ПРОЧИТАЈТЕ - ЗАПИШЕТЕ)

**(987-988)**

| | |
|---|---|
| | |

EB69.2 D40a

| | |
|---|---|
| D40b | Можете ли да ми кажете колку деца помали од 10 години живеат во Вашето домаќинство? |

(АНКЕТАР: ПРОЧИТАЈТЕ - ЗАПИШЕТЕ)

**(989-990)**

| | |
|---|---|
| | |

EB69.2 D40b

| | |
|---|---|
| D40c | Можете ли да ми кажете колку деца на возраст од 10 до 14 години живеат во Вашето домаќинство? |

(АНКЕТАР: ПРОЧИТАЈТЕ - ЗАПИШЕТЕ)

**(991-992)**

| | |
|---|---|
| | |

EB69.2 D40c

| | |
|---|---|
| D41 | Вие лично, сте родени ...? |

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | **(993)** |
|---|---|
| Во  земјата | 1 |
| Во друга земја членка на Европската Унија | 2 |
| Во Европа, но не во земја членка на Европската Унија | 3 |
| Во Азија, Африка или Латинска Америка | 4 |
| Во Северна Америка, во Јапонија или во Океанија | 5 |
| Одбива (СПОНТАНО) | 6 |

EB69.2 D41

| | |
|---|---|
| D42 | Која од следните изјави одговара на Вашата ситуација? |

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

| | **(994)** |
|---|---|
| Вашата мајка и Вашиот татко се родени во  земјата | 1 |
| Еден од родителите е роден во  земјата, а другиот во друга земја членка на ЕУ | 2 |
| Вашата мајка и Вашиот татко се родени во друга земја членка на ЕУ | 3 |
| Еден од Вашите родителите е роден во  земјата а другиот во земја надвор од ЕУ | 4 |
| Вашата мајка и татко се родени надвор од ЕУ | 5 |
| Еден од родителите е роден во друга земја членка на ЕУ, а другиот е роден надвор од ЕУ | 6 |
| Не знае / Одбива (СПОНТАНО) | 7 |

EB69.2 D42

D43a Дали имате фиксен телефон во Вашето домаќинство?

D43b Дали Вие лично имате мобилен телефон?

| | (995) D43a Фиксен | (996) D43b Мобилен |
|---|---|---|
| Да | 1 | 1 |
| Не | 2 | 2 |

EB69.2 D43a D43b

D46 Што од следново поседувате?

(ШОУКАРТА - ПРОЧИТАЈТЕ - МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

| | (997-1006) |
|---|---|
| Телевизор | 1, |
| ДВД-плеер | 2, |
| Музички ЦД-плеер | 3, |
| Компјутер | 4, |
| Интернет конекција во домот | 5, |
| Автомобил | 6, |
| Стан / куќа што сте ја исплатиле | 7, |
| Стан / куќа што уште ја плаќате | 8, |
| Ниедно (СПОНТАНО) | 9, |
| Не знае (НЕ СЕ ЧИТА) | 10, |

EB69.2 D46

ПРОТОКОЛ НА ИНТЕРВЈУТО

P1 ДАТУМ НА ИНТЕРВЈУТО

(1027-1028) __ __ ДЕН

(1029-1030) __ __ МЕСЕЦ

EB69.2 P1

P2 ВРЕМЕ КОГА ИНТЕРВЈУТО Е ПОЧНАТО

(АНКЕТАР: КОРИСТИ 24 ЧАСА)

(1031-1032) __ __ ЧАС

(1033-1034) __ __ МИНУТИ

EB69.2 P2

P3 ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АНКЕТАТА ВО МИНУТИ

(1035-1037) __ __ __ МИНУТИ

EB69.2 P3

| P4 | Бројот на луѓе присутни за време на интервјуто, вклучувајќи Ве Вас и испитаникот |
|---|---|

| | (1038) |
|---|---|
| Двајца (анкетарот и испитаникот) | 1 |
| Тројца | 2 |
| Четворица | 3 |
| Петмина или повеќе | 4 |

EB69.2 P4

| P5 | Соработка на испитаникот |
|---|---|

| | (1039) |
|---|---|
| Одлична | 1 |
| Добра | 2 |
| Просечна | 3 |
| Лоша | 4 |

EB69.2 P5